**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ –СКОПЈЕ**

**Студиска програма**

**за II циклус на студии**

**ПО МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

**Магистерски труд Тема**

# „Човечките ресурси во сферата на заштита на индустриската сопственост“

**Кандидат:**

**Ристана Стојаноска Коцева**

**Индекс 4504/12**

**Ментор:**

**Проф. д-р Јован Пејковски**

**Скопје 2014 година**

Содржина

Кратко резиме.....6

Вовед.....7

Значење на иновацијата.....10

**Прв дел**

Теоретски дел

1. Човечки ресурси поим и дефиниција.....14

1.1 Интелектуална сопственост поим и дефеницијa.....17

**Втор дел**

Поделба на интелектуалната сопственост

2. Интелектуална сопственост.....21

2.1 Концепт на интелектуална сопственост.....21

2.2 Видови права на индустриска сопственост.....23

2.3 Видови авторски дела.....24

2.4 Сродни права и авторски права.....25

2.5Историски осврт на појавата на индустриската сопственост.....26

2.7 Појавата на индустрискатата сопственост во Република Македонија.....29

**Трет дел**

Методолошки пристап на проблемот

3. Предмет на истражувањето....................................................................................33

3.1 Цел на истражувањето........................................................................................33

3.2 Задачи на истражувањето....................................................................................34

3.3Хипотези на истражувањето.................................................................................35

3.3.1 Главна хипотеза...............................................................................................35

3.3.2 Посебна хипотеза.............................................................................................35

3.4 Варијабли на истражувањето...............................................................................36

3.5 Методи, техники и инструменти на истражувањето..............................................36

3.6 Популација и примерок.......................................................................................37

**Четврти дел**

Македонија

4.1 Заштитата на индустриската сопственост во Република Македонија..............39

4.2 Постапка на испитување на патент.....................................................................40

4.3 Постапка на признавање на патент.....................................................................42

4.4 Испитување на новоста и инвентивниот придонес на пронајдокот....................45

4.5 Застапување во постапката за заштита на правата од индустриска сопственост.....................................................................................................................52

4.6 Кој може да го врши застапувањето?...................................................................53

4.7 Потребно образование за да се добие дозвола за полагање

за застапници........................................................................................................57

4.8Постапка околу впишувањето во регистар на застапници................................59

4.9 Обновување на впишувањето во регистар на застапници................................60

4.10 Бришење од регистар на застапници............................................................61

4.11Повторно впишување во регистар на застапници............................................62

4.12 Задачи кои ги извршува застапникот за заштита на индустриска сопственост.............................................................................................................62

4.13 Застапници запишани во регистарот на Република Македонија.....................63

4.14 Составот и надлежноста на комисијата пред која се полага испит за застапници.................................................................................................................63

**Петти дел**

Компаративен преглед,Хрватска, Земјите членки на Европската унија

5.1 Хрватска.........................................................................................................66

5.2 Постапка за признавање на патент во Хрватска..............................................66

5.3 Мисијата на Државниот завод за интелектуална сопственост на Хрватска.....................................................................................................................67

5.4 Визијата на Државниот завод за интелектуална сопственост на Хрватска.......68

5.5 Правилник за застапници во Хрватска............................................................69

5.1.1.Застапници во земјите членки на Европска унија..........................................71

5.1.2 Застапување пред Европската патентна организација..................................71

5.1.3 Професионални претставници........................................................................72

5.1.4Европски квалификациски испит.....................................................................72

5.1.5 Статистика на Европската патентна организација..........................................73

5.1.6 Регионална Европска заштита.....74

5.1.7 Заштита на интелектуалната сопственост во светски рамки.....75

5.1.8 Ингеренциите на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија , задачи и кадровска подготвеност во однос на други држави.....78

5.1.9 Државен завод за интелектуална сопственост на Хрватска.....80

5.1.10Стратегија Европа 2020 година.....81

5.1.11 Хоризонт 2014-2020 година .....83

5.1.1.2 Лидери меѓу членките на Европската унија во иноваторство

за 2014 година .....84

**Шести дел**

Анализа и интерпретација на резултати.....87

**Седми дел**

Заклучок.....104

Користена литература.....106

## Кратко резиме

Застапниците за заштита на индустриската сопственост за успешно извршување на своите работни задачи потребно е да исполнат посебни услови односно да поседуваат стручност, знаење,квалитет, способност, а воедно потребно е да имаат положен стручен испит.Лицето кое го положило стручниот испит за застапници односно лицето на кое му е признат специјалистичкиот испит за застапници се стекнува со право да се впише во регистарот на застапници.

За застапувањето при заштита на индустриската сопственост, како посебен вид сопственост кој има големо значење не само за поединецот туку за целата заедница, е потребна посебна стручност и познавање од областа на индустриската сопственост. Тоа е неопходно за да се обезбеди уставна и правна гаранција на правата што произлегуваат од научното творештво.Основната задача на застапникот е нудење професионална правна помош и професионални услуги на заинтересираните лица. Застапниците ги советуваат своите странки при заштитата на пронајдоци и знаци за разликување, изработуваат писмени барања за признавање на правата од индустриската сопственост, а посебно при прометливоста на правата.Специфичноста на самата заштита на правата од индустриска сопственост, наметнува потреба од посебно познавање од оваа област, што воедно бара висок степен на едуцираност на застапникот, а со самото тоа се налага потреба од познавање на домашно,странско и меѓународно право.

Во регистерот на застапници може да се запише физичко лице кое има завршено правен факултет,некои од техничките факултети како и фармација и положен специјалистички испит од областа на индустриската сопственост или посебен испит од таа област, положен во Државниот заводот за индустриска сопственост на Република Македонија.

# Вовед

Иновациите, според дефиницијата се состојат од имплементација на нов или значително подобрен производ, нов процес, нов маркетинг метода или нов организациски метод во деловните практики, работните места или надворешните односи. Според тоа, иновациите се нешто повеќе од истражување и развој и покриваат широк опфат активности кои им помагаат на фирмите да станат попродуктивни и конкурентни. Иновациите се клучна движечка сила за економскиот раст и според тоа, развојот на политиката за иновации се смета за еден од клучните темели на економските стратегии на владите на секоја држава.

Правата на интелектуална сопственост се особено значајни во современото општество. Развојот на новите технологии го наметнува, како императив, следењето на меѓународните стандарди за заштита на правата на интелектуална сопственост. Не постои производ, како и поголем дел од услугите, во кои не се инкорпорирани правата на интелектуална сопственост, што ја зголемува нивната вредност. Новите технологии овозможуваат креативните поединци да користат и создаваат нови видови интелектуални творби, но и нови начини за злоупотреба на правата на интелектуална сопственост.

Република Македонија како земја – кандидат за членство во Европската унија, членка на Светската трговска организација и потписничка на Договорот за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост поаѓа од тоа дека, најконкурентна економија е онаа која е заснована на знаење. Исто така и Европа се стреми да гради општество кое е засновано на знаење.

Со развојот на општеството низ историската димензија на движењето на сознанијата, оформени се меѓународни сфаќања за потребата од заштита на интелектуалната сопственост. Тие сознанија потекнуваат одамна, а почетоците на законската регулатива, според повеќе автори, датираат од 1474 година, кога во

градот – држава Венеција, во Сенатот, е донесен закон за заштита на патентите и за нивно ставање на увид на јавноста. Утврдено е дека патентот е општо добро или богатство на државата, а пронаоѓачот има право на надомест на вложените средства за создавање на пронајдокот, односно патентот, како и право да ги ужива плодовите од својата инвентивност.Подоцна во Англија, во 1623 година, се донесени прописи од областа на индустриската сопственост.

Заштитата на правата од индустриска сопственост е единствен инструмент кој игра голема улога во индустријата. Кај македонските компании заштитата и употребата на интелектуалната сопственост, во целина, е мошне ограничена. Сепак компаниите се свесни дека креирањето и управувањето со интелектуалната сопственост е од клучно значење за одржување на нивниот раст, конкурентноста и проширување на пазарите.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ја издаде брошурата „Заштита на правата од индустриска сопственост“[1]. со цел истата да послужи за насочување на компаниите во реализација на намерите за заштита на правата од индустриска сопственост (патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потеклото на производот и географска ознака). Со користење на различни алатки за заштита на индустриската сопственост, македонските компании секако ќе бидат во можност, во согласност со својата стратегија за развој, да ја подобрат својата позиција на национално ниво и пошироко.

Иновацијата отсекогаш била клучот за успехот во компаниите и останува извор на енергија на економијата базирана на знаење која е предизвик на секоја земја. Европската унија како и земјите од Западен Балкан меѓу кои спаѓаРепублика Македонија работи на зголемување на иновативноста на компаниите како единствено средство за решавање на големите општествени предизвици со кои се соочуваат. На тој начин се создаваат можности да се

[1]Повеќе види во брошура Заштита на правата од индустриска сопственост

изгради модел на силен и одржлив раст. Во таа смисла, значајни се неколку клучни области за акција: финансиска поддршка за истражување и развој, подобрување на условите на пазарот и негово промовирање и инвестирање во луѓето и бизнисот.

Поимот индустриска сопственост е дефиниран во времето на Париската конвенција[2]за заштита на интелектуалната сопственост. Уште тогаш е одвоен поимот индустриска сопственост од поимот авторски права, како одделна категорија.

Република Македонија по осамостојувањето стана членка на Светската организација за интелектуална сопственост[3](WIPO)[4] на 23.07.1993 година. Првиот национален закон стапи на сила на 15.07.1993 година, а на 28.03.1994 година стапија на сила и подзаконските акти со што детално се уредува оваа област.

Во јуни 2002 година е донесен нов Закон за индустриска сопственост кој е во примена од 01.01.2004 година. Законот е изменет и дополнет и во март 2006 година со што е извршено понатамошно усогласување со европската регулатива и зајакнување на мерките за заштита на правата од индустриска сопственост.

Законот за индустриска сопственост е објавен во “Службен весник на РМ“ бр.21/09 од 17.02.2009 година.Со овој закон се уредуваат стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост, при што се дефинира дека права од индустриска сопственост се патент, индустриски дизајн, трговска марка, ознака на потеклото и географска ознака.

---

[2]Парискатa конвенција за заштита на индустриската сопственост од 20 март 1883 година
[3] WIPO Светска организација за интелектуална сопственост оформен во 1967 година

[4] WIPO има 187 земји членки со седиште во Женева Швајцарија

# Значењена иновацијата

Иновацијата влегува во редот на најважните карактеристики на работната организација, заедницата и развојот на претприемништвото.Според Питер Дракер[5]**Иновацијата претставува активност, која ги обдарува ресурсите со нови капацитети за создавање ресурси**.

Во современата економска литература се укажува на разликите меѓу *креативноста,инвентивноста и иновативноста* како интегрални елементи на претприемничкиот процес.

-Креативноста обично се дефинира како можност да се создаде нова содржина, појава или процес со комбинација на постојните елементи, односно фактори на производство. *Способноста да се гледа повеќе од очигледното, исто така, се смета дека е карактеристика на креативноста.*

-Инвентивноста претставува процес на создавање нешто ново. Таа, вообичаено, означува придонес кон нивото на *општочовечкото знаење.*

-Иновативноста се поврзува со дефинитивното маркетирање на новиот производ, услуга или технолошки процес, што е резултат на инвентивноста. Вака дефинирана, иновативноста фрла јасна светлина врз нејзиното значење за бизнисот и за остварувањето на економските перформанси.

Констатацијата на Дејвид Берч: " Иновативноста оди заедно со високата технологија, но дека постои многу иновативност и во операциите кои применуваат пониска технологија".

---

[5]Питер Дракер менаџмент консултант, едукатор и автор чии дела придонеле за филозофски и практични темели на современите бизнис корпорации.
Види повеќе: http://en.wikipedia.org/wiki/Peter_Drucker

Може да се наведе констатацијата дека иноватор е секој оној кој ќе модернизира некој секојдневен производ или услуга, но иноватор е и оној кој ќе произведе нешто сосема ново, притоа, тоа може да се направи со ниска технологија,па дури и без технологија.

Иновацијата некогаш може да резултира во сосема нов, дотогаш непознат производ, во друг случај, иновацијата претпоставува замена на некоја постојна функција, односно нејзино поефикасно и поуспешно извршување. Голем број од иновациите можат да се однесуваат и на усовршување на постојните производи, услуги или постапки.

За каков вид иновација се работи, зависи од радикалноста на промената. Врз таа основа се конструира т.н. иновативна матрица, во којашто јасно се разликуваат четири типа на иновации:

- Радикална иновација

- Технолошко приспособување

- Пионерска иновација

- Адаптација

Воведувањето нов производ, кој се произведува и со нов процес на производство , претставува *радикална иновација.*

Доколку пак ист производ, се нуди со нов процес на производство или на продажба, станува збор за *технолошко приспособување.*

Воведувањето на посовремена технолошка опрема што ја зголемува продуктивноста, или примената на нови методи за продажба што ги подобруваат финансиските и деловни резултати на претпријатието, се примери за такво технолошко приспособување.

За *пионерска иновацијa*се зборува тогаш кога со помош на истиот технолошки процес се добива нов производ .

Највообичаен вид иновации се *адаптациите*, кои се состојат од мали промени на производите и на процесите за нивно производство и маркетирање.

Иновацијата може да се истакне дека не е секогаш техничко- технолошки поим, таа почесто се јавува како пазарен или социјален феномен, од што произлегува можноста за нејзина масовна примена од обични луѓе, а со тоа и огромната потенцијална енергија што ја ослободува во фирмите каде што се применува и се валоризира во висок доход.

Во денешно време кое се карактеризира со големи демографски промени и пораст на глобална конкуренција иднината зависи од сопствените способности иновациите да се претворат во производи, услуги или модели.

Креацијата,идеите и иновациите стануваат најважни поттикнувачки сили на стопанскиот раст и економскиот развој.

# Прв дел

# Теоретски дел

# 1. Човечки ресурси поим и дефиниција

Поимот човечки ресурси се користи во поново време со цел да се објаснат индивидуите кои ја сочинуваат работната сила на една организација. Покрај тоа овој поим се однесува и на економијата на работна сила на пример, бизнис сектор па дури и на цели нации.Човечки ресурси е, исто така, името за функцијата во рамките на организацијата задолжена за целокупната одговорност за имплементирање стратегии и политики во врска со управувањето на индивидуи (т.е. човечки ресурси). Самиот збор, човечки ресурси е релативно современ поим кој се користи од шеесетите години на минатиот век. Потеклото на функцијата се појавува во организации што пласираат практика во управувањето со благосостојбата, а, исто така, и кај тие што ги имплементираа принципите на научниот менаџмент. Од овие поими се создаде главно активност на административен менаџмент, кој координира област на процеси поврзани со вработените и тековно станува познат како „персонал".

На почетокот, во Соединетите Американски Држави како и во мултинационални и интернационални корпорации, човечките ресурси стануваат најчестото име за оваа област, влијаејќи на имплементирањето на поквантитативен исто така, и стратешки пристап во управувањето на работната сила, на потреба од корпоративниот менаџмент за да се добие конкурентна корист, користејќи ги вештите и високо способни работници.

Успешното остварување на секоја дејност претпоставува бројни предуслови. Од особено значење е човечкиот потенцијал ( капиталот, ресурсите) како основни појдовни претпоставки. Се разбира дека материјалните ресурси се важни, но важни се и луѓето кои ги создаваат материјалните добра. Највредниот потенцијал кој го поседува една организација се луѓето, човечкиот потенцијал.

Праксата укажува дека најдобри резултати се постигнуваат кога една работна организација, ги користи своите луѓе односно човечките ресурси како составен дел на една добро компонирана и хармонизирана работна целина.

Развојот на човечките ресурси е начин на работа за експанзија на човечкиот капитал во рамки на целокупниот општествен живот. Развојот на човечките ресурси е комбинација од обука и образование, во поширока смисла на зборот кои го обезбедуваат постојаното подобрување и раст на индивидуата, организацијата и национална потполност на човечките ресурси.

Адам Смит тврди дека "Капацитетот на индивидуата зависи од нејзиниот пристап до образование".Развојот на човечките ресурси е средство кое го води процесот низ обука и учење во широка поттикнувачка околина. Развојот на човечките ресурси не е финален продукт, но е серија од организирани процеси "со специфична научна цел" ( Надлер,1984).

Развојот на човечките ресурси е структура која дозволува развивање на индивидуите, задоволување на организациските или државните цели.Развојот на човечките ресурси врши придонес на самата индивидуа, организацијата, државата и нејзините граѓани. Во визијата на корпорацијата, развојот на човечките ресурси гледа на вработените како на основни средства во претпријатието, чии вредности се зголемуваат со развојот, - нивниот примарен фокус е на растот и развојот на вработенитего акцентира развивањето на индивидуалниот потенцијал и вештини ( Елвуд, Олтон и Трот, 1966)

(Надлер,1984) ги дефинира како- организирано учење во поголем временски период, за да се обезбеди можност на промена во резултатот. Во овие рамки, развојот на човечките ресурси е работна рамка што во првата етапа се фокусира на организациските способности, обучување а потоа развој на работникот низ едукација, за да се задоволат долготрајните потреби на организацијата и индивидуалните цели.Луѓето во рамките на организацијата се нејзиниот човечки ресурс.Развојот на човечките ресурси од бизнис перспектива не е целосно

насочен кон индивидуалниот раст и развој; - развојот настанува за да се зголеми вредноста на организација, а не само индивидуалното подобрување.Самостојното образование и развој е алатка и средство, а не самата крајна цел- (Елвуд Ф. Холтон II, Џејмс В. Трот Џуниор). Поширокиот концепт на национално и постратешко следење на развојот на човечките ресурси започнува да се појавува со силен натпревар со кој се соочуваат современите независни земји за нивните квалификувани професионалци, придржувајќи го одливањето на мозоци што тие го искусуват.

## 1.1 Интелектуална сопственост поим и дефиниција

Интелектуалната сопственост е термин кој вклучува повеќе различни типови на умствена активност за кои што се признаваат посебни права и за кои што постојат посебни различни законски рамки. Иако овие права не се права на сопственост, сепак зборот сопственост се користи поради некои сличности.

Сопствениците во оваа смисла добиваат ексклузивни права на различни нематеријални добракако што се музиката, литературата, пронајдоците и друго.

Законите во Република Македонија од оваа област ги вклучуваат законот за индустриска сопственост, законот за авторско право и сродни права, а во други јуриздикции постојат и други закони.

Креациите на човечкиот ум, односно интелект се предмет на заштита на интелектуалната сопственост. Интелектуалната сопственост ги претставува правата кои произлегуваат од интелектуалните активности во индустријата, науката, литературата и уметноста.Истовремено, може да се каже дека интелектуалната сопственост се однесува на информација или на делови на информација кои се инкорпорираат во одредени предмети, во исто време во неограничен број копии на разни места во светот.

Од тука вредно за спомнување е дека кога нов производ влегува на пазарот, и е успешен во привлекувањето потрошувачи, многу е веројатно дека конкуренцијата порано или подоцна ќе се обиде да направи сличен или идентичен производ.

Во некои случаи конкурентите ќе искористат економија од обем, поголем пристап на пазар, подобри врски со главните дистрибутери или пристап до

поевтини суровини за производство, па оттука ќе бидат во можност да направат ист или сличен производ по помала цена, што ќе претставува голем притисок на пронаоѓачот на оригиналниот производ или услуга.

Во одредени случаи ова ќе доведе до пропаѓање на бизнисот на оригиналниот пронаоѓач бидејќи е веројатно дека тој направил значителни вложувања во развојот на новиот производ, додека неговите конкуренти ги користат резултатите на неговата креативност и инвентивност.

Ова е најважната причина зошто претпријатијата треба да размислуваат да ја заштитат нивната креативна и иновативна работа користејќи го *системот на интелектуална сопственост.*

Овој систем обезбедува ексклузивни права во користењето на пронајдоците, дизајните, бендовите, книжевните и уметничките дела и други нематеријални добра. Заштитата која се обезбедува со правото на интелектуалната сопственост обезбедува сопственост врз одреден пронајдок или креативна работа со тоа што ефективно го ограничува обемот за копирање и имитирање од страна на конкурентите.

Теоретичарите сметаат дека најважната особина на сопственост се состои во тоа што сопственикот во основа може да ја употребува сопственоста ,неограничено во зависност од неговите потреби и дека никој неможе злонамерно да ја употребува неговата сопственост. Интелектуалната сопственост може да се категоризира во три групи на сопственост:

- Сопственост на подвижни нешта
- Сопственост на недвижни нешта
- Интелектуална сопственост

Конвенцијата за основање на Светската организација за интелектуалнасопственост од 14 јули 1967 година, утврдила дека

интелектуалната сопственостги опфаќа права што се однесуваат на: литературните, уметничките и научни дела, изведбите на уметниците,фонограмите и радио, телевизиските станици,пронајдоците од сите полиљана човечката активност, научни откритија, индустриски дизајн, трговски и услужни марки, комерцијални имиња и ознаки, заштита против нелојална конкуренција , како и сите други права поврзани со интелектуалната сопственост во индустриската, научната, книжевната и уметничката област.

# Втор дел

# Поделба на интелектуалната сопственост

# 2. Интелектуална сопственост

**Интелектуална сопственост** е термин кој што вклучува повеќе различни типови на умствена активност за кои што се признаваат посебни права и за кои што постојат посебни различни законски рамки.Иако овие права не се права на сопственост, сепак зборот **сопственост** се користи поради некои сличности.Сопствениците во оваа смисла добиваат ексклузивни права на различни нематеријални добра како што се: музиката, литературата, пронајдоците и др.Законите во Р. Македонија од оваа област ги вклучуваат законот за **индустриска сопственост**, законот за **авторско право и сродните права**, а во други јуриздикциипостојат и други закони.

## 2.1 Концепт на интелектуална сопственост

Креациите на човечкиот ум, односно интелект, се објект (предмет) на заштита на интелектуална сопственост.Интелектуалната сопственост, гледано најсеопфатно, ги претставува правата кои произлегуваат од интелектуалните активности во индустријата, науката, литературата и уметноста.Истовремено, може да се каже дека интелектуалната сопственост се однесува на информацијаили на делови од информација кои се инкорпорираат во одредени предмети, во исто време во неограничен број копии на разни места во светот.

Во расветлувањето на проблематиката на интелектуална сопственост потребно е да се објасни поимот на сопственоста.Теоретичарите сметаат дека најважната особина на сопственоста се состои во тоа што сопственикот во основа може да ја употребува, односно да ја искористува сопственоста, неограничено во согласност со својата волја и потреби и дека никој не може злонамерно да ја

употребува неговата/нејзината сопственост.Се разбира, постојат законски ограничувања на употребата, односно искористувањето на правото на сопственост.

Најопшто,сопственоста би можела да се категоризира во три групи сопственост, притоа земајќи го предвид обектот на сопственоста:

- сопственост врз подвижни нешта,
- сопственост врз недвижни нешта и
- интелектуална сопственост.

Конвенцијата за основање на Светската организација за интелектуална сопственост од 14 јули1967 година, утврдува дека интелектуалната сопственост ги опфаќа правата што се однесуваат на: литературните, уметничките и научните дела; изведбите на уметниците-изведувачи, фонограмите и радио-телевизиските станици; пронајдоците од сите полиња на човековата активност; научните откритија; индустриски дизајн; трговски и услужни марки, комерцијални имиња и ознаки; заштита против нелојална конкуренција, како и сите други права поврзани со интелектуалната сопственост во индустриската, научната, книжевната и уметничката област.

Интелектуалната сопственост, вообичаено, се дели на две големи групи, и тоа:

1. **Индустриска сопственост**
2. **Авторско право и сродни (соседски) права**

## 2.2Видови права на индустриска сопственост

Модерната доктрина и практика под индустриска сопственост подразбира збир на права утврдени со членот 1 одПариската конвенција за заштита на индустриска сопственост. Предмет на заштита, според Хашката ревизиона конференцијаод 1925 година, се патентите, корисните модели, индустрискиот дизајн, фабричките и трговските марки, услужните трговски марки, трговското име, ознаката на географското потекло и сузбивањето на нелојалната конкуренција. Истовремено, поимот индустриска сопственост се подразбира во најшироко значење, па не се применува само на индустријата и трговијата во буквална смисла на зборот.

Во поново време, во индустриската сопственост се инкорпорораат и„***know-how***“[6], т.е. знаење и искуство кое не е заштитено со исклучително право, бидејќи имателот на тоа знаење и искуство располага со него само додека не го отстапи на другите.Во најширока смисла know-how се однесува не само на техничкото знаење и искуство, туку и на знаењето и искуството од комерцијален, организациски, фискален и сличен карактер кое може да се примени во стопанското работење.

Со донесувањето и стапувањето во сила на Договорот за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост (ТРИПС)[7] како права од индустриска сопственост се почесто се сметаат и трговската тајна (неоткриените информации) и топографијата на интегралните кола. Последниве неколку годинисе прават обиди во корпусот права од индустриска сопственост да се инкорпорира и името на доменот (domain name).

Карактеристично за сите овие права од индустриска сопственост е што тие можат да се групираат во две групи. Во **првата група** спаѓаат оние кои се правно

[6] Know-how е приватна интелектуална сопственост( http://en.wikipedia.org/wiki/Know-how)
[7]TRIPS trade-related aspects of intellectual property rights ] Трговскли аспекти на правата од интелектуална сопственост.

заштитени, односно се регистрираат, и тоа: патент, корисен модел, индустриски дизајн,трговска марка, ознака на потеклото на производ и географска ознака, топографија на интегрално коло и домен име. Во **втората група**[8] спаѓаат оние кои не се регистрираат, и тоа: трговска (деловна) тајна, односно неоткриена информација и know-how. Овие се штитат само преку правилата за заштита од дејства на нелојална конкуренција.

## 2.3 Видови авторски дела

Тргнувајќи од категоризацијата на авторски дела од член 2 став 1 од Бернската конвенција, во член 3 став 2 од Законот за авторски права и сродни права направенае соодветна категоризација на авторските дела. Законот за авторски права и сродни права како авторски дела ги смета особено:

- пишано дело, како книжевно дело, напис, статија, прирачник, брошура, научен труд, расправа и слично;
- компјутерска програма, како книжевно дело;
- говорно дело, како говор, беседа, предавање и слично;
- музичко дело, со или без текст;
- драмско, драмско-музичко и куклено дело;
- кореографско и пантомимичарско дело, фиксирано на материјална подлога;
- фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;
- кинематографско и друго аудиовизуелно дело;
- ликовно дело, како слика, графика, скулптура и слично;
- архитектонско дело;
- дело од применетата уметност и дизајнот и

[8]Види повеќе во Право на интелектуална сопственост д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска д-р Валентин Пепељугоски Скопје 2008 година

- картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата или друга научна, образовна, техничка или уметничка природа.

Истовремено како самостојно авторско дело заштитени се и преработките на авторските дела и на делата од народното творештво, збирките на авторски дела и дела од народното творештво и базите на податоци.

## 2.4Сродни права на авторското право

Сродните права на авторското право се појавиле на крајот од 19-от век, како резултат на новите пронајдоци (фонограф, грамофон, кинематографски апарат).Овој тренд продолжи и кон крајот на 20-от век, како резултат на развојот на дигиталната технологија и Интернетот. Тие влијаат на појавата и признавањето на нови права кои се сродни на правото на авторот (правото на уметниците-изведувачи, правото на производителите на фонограми и правото на Радио-телевизиските организации).

Секое од наведените сродни права има свој посебен предмет на заштита кој е сврзан, главно, со авторското дело.Сродните права се разликуваат од авторското право особено во поглед на носителот, предметот и траењето на правото.

## 2.5 Историски осврт на појавата на индустриска сопственост

Авторите Душанка Дудиќ, Владимир Петковски, Златка Поповска, Миодраг Јаниќ, Трпе Груевски и други пишуваат за ова прашање. Според пишувањето на авторите Мирјана Поленак- Аќимовиќ, Владо Бучковски и Јадранка Дабовиќ-Анастасовска„ [9] дека првиот случај на давање привилегија на пронајдувачот датира од 1315 година во Чешка во облик на отворено писмо ( litterae patentas),што е упатено до јавноста. Самото латинско име укажува на патент како инструмент за заштита на пронајдокот.

Подоцна во Англија, во 1623 година, се донесени прописи од областа на индустриската сопственост. Овој пример го следат и САД, во 1790 година,Франција во 1791година, потоа Холандија (1809), Австрија (1810), Русија (1812), Шведска(1819) Шпанија (1820) и други.Кралството на Србите , Хрватите и Словенците, во чиј состав тогаш беше и територијата на денешна Република Македонија, ваков пропис има донесено во 1921 година.

Потребата да се обезбеди универзалност во регулирањето на заштита на правата на индустриска сопственост на меѓународен план довела до одржување на меѓународна конференција во Виена, во 1873 година. Десет години подоцна, во Париз, во 1883 година, е воспоставена Париската конвенција за меѓународните норми за заштита на патентите. Иако, на почетокот оваа конвенција ја потпишале само 14 земји (меѓу нив и Кралството на Србите ,Хрватите и Словенците), подоцна кон неа пристапиле голем број други држави.

По извесен период Париската конвенција е ревидирана, и тоа на конференциите одржани во Брисел,во 1900 година, во Вашингтон во 1911 година, во Хаг во

[9]Коментар на Законот за индустриска сопственост НИО Студентски збор, Скопје 1993 година стр. 26,27

1925година, во Лондон во 1932 година, во Лисабон во 1958 година, во Стокхолм во 1967година и во Будимпешта во 1977 година. Париската конвенција е оформена како меѓународен договор од отворен карактер кон кој можат да пристапат сите заинтересирани држави од светот, без тоа да се условува од другите држави членки. Со Конвенцијата е основана Меѓународната унија за заштита на индустриска сопственост, според која земјите членки на оваа Унија го применуваат принципот на минимални права. Тие минимални права не можат да бидат намалени со националното законодавство.

Покрај Париската конвенција за заштита на индустиската сопственост, постојат и Мадридскиот аранжман за меѓународно регистрирање на фабричките и трговските жигови, од 1891 година, Мадридскиот аражман за сузбивање на лажните ознаки за потеклотона стоките од 1891 година, Хашкиот аражман за меѓународното депонирање на индустриските примероци (мостри) и модели од 1925 година, Ничанскиот аранжман за меѓународна класификација на производите и услугите заради  регистрирање на жиговите (се однесува на применување фабрички и трговски жигови) од 1957 година, Лисабонскиот аранжман за заштита на меѓународната регистрација на ознаките на потеклотоод 1958 година и Локарнскиот аражман за востановување на Меѓународната класификација на индустриските мостри и модели од 1968 година . Договорот за патентна соработка од 1970 година (PCT) потоа Меѓународната класификација на патентите(IPC) врз основа на Стразбуршкиот аранжман од 1971 година, Виенската унија од 1973 година (меѓународна класификацијана фигурантите елементи на марките), Будимпештанскиот договород 1977 година (за меѓународно признавање на депозитот на микроорганизми за остварување на целите на патентната постапка) и Договорот од Најроби од 1981 година (за заштита на олимписките симболи).

На планот на заштита на авторските права (за заштита на литературните и артистичките творби) во 1886 година усвоен е Бернскиот договор, потоа Универзалната конвенција на УНЕСКО за заштита на авторските праваод 1952 година, во 1961 година е донесена Римската конвенција за заштита на

изведувачите, продуцентите и фонограмите на организациите кои емитуваат преноси, потоа Женевската конвенција од 1971 година , што се однесува за дистрибуција на сигналите кои се трансмисираат преку сателити и Договорот за меѓународна регистрација на аудиовизуелните производи од 1989 година .

Врз основа на Париската конвенција, како и врз основа на Конвенцијата од Берн за заштита на литературните и уметничките творби, а исто така согласно и другите наведени конвенции и договори кои се изменувани , дополнувани и ревидирани до 1979 година, основано е Меѓународното биро за заштита на интелектуалната сопственост.Ова биро подоцна прерасна во Светска организација за заштита на интелектуалната сопственост(World Intellectual Property Organization-WIPO ). Таа е специјализирана агенција на системот на организации на Организацијата на обединетите нации од 1974 година. Во рамките на оваа организација се соединети администрациите на Меѓународната унија за заштита на индустриската сопственост и на Бернската унија за заштита на авторското право.

Во Светската организација за интелектуална сопственост во август 2014 година се зачленети 187 држави кои имаат преземено мноштво обврски и меѓународни норми на однесување, кои се утврдени во наведените договори, сојузи, спогодби или аранжмани, а со цел за заштита на идеите на пронаоѓачите.

Притоа се опфатени двете главни форми на интелектуална сопственост, и тоа :

1. Индустриска сооственост, во која главно спаѓаат пронајдоците, заштитните знаци (марки) и индустрискиот дизајн.
2. Заштита на авторските права, главно содржани во литературните, музичките, артистичките, фотографските и аудиовизуелните творби.

Целта на Светската организација за заштита на интелектуалната сопственост се содржи во промоцијата на заштитата на интелектуалната сопственост во светски рамки, а преку кооперација меѓу земјите членки на оваа организација.Исто така,

таа има цел да ја обезбеди административната соработка меѓу сојузите (аранжманите) за заштита на интелектуалната сопственост, за што има основано Меѓународно биро со седиште во Женева, кое располага со банки на податоци за над 92% од сите пронајдоци во светот.

## 2.6 Појавата на индустриската сопственост во Република Македонија

Република Македонијае членка на Светската организација за заштита на интелектуалната сопственост од 23 јули 1993 година. Со членството во оваа организација и со примена на постапката за ратификација на конвенциите и договорите што претходно се спомнати, истите претставуваат инструмент за заштита на индустриската сопственост и кај нас, а се во надлежност на Заводот за заштита на индустриска сопственост на Република Македонија. Интелектуалната сопственост што се однесува во делот на авторските права, исто така подлежи на заштита, а таа е во надлежност на Министерството за култура на Република Македонија. Со тоа е создаден моќен заштитен инструментариум за ослободување и поттикнување на креативниот ум во насока на што послободно изразување на иновативни идеи и нивна материјална валоризација.

Секоја земја има свој сопствен систем на прописи за заштита на интелектуалната сопственост. Во развиените земји овие системи се повеќе се унифицираат на регионално ниво. Така, во рамките на Европската унија постојат : Европска канцеларија за патенти[10], со седиште во Минхен, која обезбедува услуги на 17 европски земји, Канцеларија на Бенелукс за заштита на марките, како и за

[10] ЕРО Европска канцеларија за патенти со седиште во Минхен

заштита на индустрискиот дизајн, ARIPO[11]-Регионална Африканска организација за индустиска сопственост, која опфаќа 11 африкански земји и други регионални организации од оваа област.

Тоа што треба посебно да се истакне е дека секоја држава потписничка на овие меѓународни конвенции, покрај сопствениот идентитет во водењето на заштитната политика спрема интелектуалната сопственост, е должна да ги почитува меѓународните стандарди и принципи, кои се повеќе се прецизираат во светски рамки.

Сепак треба да се истакне дека во создавањето на иновацијата, пронајдокот, патентот, марката се вложени креативност,средства, труд, кои треба да се признаат и соодветно пазарно да се валоризираат.

Придржувајќи се кон ова сфаќање, оценка е дека на заштитата на идеите не треба да се гледа како на специфично насочена политика, туку како на реален пазарен однос спрема креаторите кои се мотивирани и преку заштита на идеите да се обезбедува валоризацијата на вложениот труд во одреден период на заштита на иновацијата. И,бидејќи динамиката на промените се е побрза, а приливот на нови идеи, пронајдоци, креации е се поголем и поразновиден, извесно е дека глобалната ефикасност на развојот се зголемува бидејќи тие непосредно и брзо се реализираат, задоволувајќи ги постојано растечките барања на луѓето.

Република Македонија како членка на Светската организација за заштита на интелектуалната сопственост и со примена на постапките за ратификација на конвенциите и договорите на кои е потписник, истите претставуваат инструмент за заштита на индустриската сопственост и кај нас, а се во надлежност на Заводот за заштита на индустриската сопственост. Интелектуалната сопственост што се

[11] ARIPO Регионална Африканска организација основана во 1976 година Руанда е 18 земја членка од 24 март 2010 година.

однесува во делот на авторските права, исто така, подлежи на заштита, а таа е во надлежност на Министерството за култура на Република Македонија.[12]

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија се јавува како институција која ќе го координира процесот на развој и заштита на правата од индустриска сопственост, како и системот на справување и заштита на правата од индустриска сопственост.

Државниот завод за индустриска сопственост ги спроведува обврските кои произлегуваат од Законот за индустриска сопственост но и обврските од евроинтеграционите процеси, членството во Светската организација за интелектуалната сопственост,Светската трговска организацијаи Европската патентна организација.

Постапката за признавање на патент во Република Македонија  се регулира со Законот за индустриска сопственост и со Правилникот за патенти.

Во светот познати се два система за признавање на патенти, тоа се американскиот систем и европскиот систем. Американскиот систем се базира на максимата „кој прв пронашол"(first to invent) додека европскиот, па и целиот преостанат свет поаѓа од максимата „кој прв поднел пријава"(first to file).

[12]Претприемништво и развој Скопје 1997 година Д-р Јован Пејковски стр.94

# Трет дел

# Методолошки пристап на проблемот

# 3. Предмет на истражување

Главен предмет на истражување во овој магистерски труд се човечките ресурси во сферата на заштита на индустриската сопственост, предизвиците со кои се соочуват кадрите чии работни задачи се однесуваат на оваа проблематика и законската регулатива што ја има во Република Македонија, како и законската регулатива во земјите членки на ЕУ. Исто така се прави споредба на одредбите со кои се регулира оваа област во земјите од западен Балкан со посебен осврт на Хрватска.

Како дел од предметот на истражување се резултатите до кои дошле земјите кои се членки на ЕУ и искуствата од овие држави кои можат да се применат во Република Македонија.

## 3.1 Цел на истражувањето

Со оглед на тоа дека во овој магистерски труд станува збор за човечките ресурси во сферата на заштита на индустриската сопственост целта на истражувањето се кадрите чии работни задачи и цели се однесуваат на стекнувањето на право за заштита на индустриската сопственост. Целта на истражувањето е видот и начинот на обука со која се стекнуваат човечките ресурси и со потребните лиценци како и постапката за стекнување функција застапник за заштита на индустриска сопственост.

Целта е да се проучат сличностите и разликите на ресурсите во заштита на индустриската сопственост, споредбено со земјите членки на ЕУ, да се изврши компаративен преглед на важечката легислатива во Република Македонија и земјите членки на Европската унија, со посебен осврт на Хрватска.

Со анализа на податоците на најдобрите практики од конкретната проблематика во законодавството на Европската унија истите би можеле да се согледаат и споредуваат колку од нив се прилагодливи и применливи во Република Македонија како „добра практика“.

## 3.2 Задачи на истражувањето

- Да се утврди постапката на признавање на иноваторство и дали има разлики во истата кај нас и во земјите на ЕУ.
- Да се утврди кој може да полага за застапник во оваа сфера и во каква постапка, дали има разлика во постапката.
- Да се утврди дали постои разлика во видот на образование кое е потребно за да се добие дозвола за полагање за застапник.
- Да се утврди дали постои разлика во улогата на застапникот, односно кој задачи ги извршува застапникот.
- Да се согледа дали има разлики во составот и надлежностите на комисијата пред која се полага испит за застапници.
- Да се утврди дали постои разлика во поглед на звањето со кое се стекнуваат кадрите кои се обучуваат за работа во оваа област.
- Да се утврди дали има разлика во тоа што се штити со постапката заштита на интелектуалната сопственост.
- Да се утврди дали постои разлика во ингеренциите на Државниот завод за индустриска сопственост во однос на другите држави, која е неговата задача и улога и кадровската подготвеност.

## 3.3 Хипотези на истражувањето

### 3.3.1 Главна хипотеза

Специфичноста на заштитата на правата од индустриска сопственост наметнува потреба од посебно познавање од оваа област што бара висок степен на едуцираност на застапникот и познавање на домашното, странското и меѓународното право, односно постојат разлики во едукациите за кадрите кои работат во оваа сфера.

### 3.3.2 Посебни хипотези

1. Постојат разлики во постапката што се применува во оделни држави за признавање на правата од индустриска сопственост.
2. Меѓународна постапка за признавање на правата од индустриска сопственост согласно меѓународните договори кон кои пристапила Република Македонија се применува врз исти принципи и кај нас.
3. Во водењето на регистри на пријави и стекнати права не се согледува разлика меѓу надлежните органи (заводите) во оделни анализирани држави, службено гласило со податоци за пријавени и признати права од индустриска сопственост, ги прави подостапни до јавноста базите на податоци за признати права од индустриска сопственост во одделни држави.
4. Обука за застапници од областа на индустриска сопственост базирана на принципи утврдени со меѓународни документи.

## 3.4 Варијабли на истражувањето

Во ова истражување независна варијабла преставуваат застапниците за заштита на индустриска сопственост, односно организациите и обучените кадри за оваа проблематика, а зависна варијабла е видот и квалитетот на образованието односно звањето кое се добива,а, бара да се задоволат одредени критериуми во смисла на специфични знаења (инженер, фармацевт, адвокат).

## 3.5 Методи,техники и инструменти на истражување

Дефинираниот предмет, како и целта на истражувањето се истражувани со аналитички метод, при што се применува анализа на содржина и метод на дедукција. Притоа се тргнува оданализа од општо кон посебно, компаративна анализа и анализа на административни бази на податоци.

Анализа на содржина може да се примени при проучување на дефинираниот проблем, со која се доаѓа до објективни факти, кои се релевантни за самото истражување и проучување. Тука се врши анализа на текстови, позитивни закони, подзаконски акти, директиви, конвенции, одлуки, акти, правилници, програми и други документи од земјава и државите членки на ЕУ, земјите од Западен Балкан и Хрватска актуелни интернет страници и сл. Со самото истражување се добива конкретна претстава за состојбата на човечки ресурси во сферата на заштита на индустриска сопственост во Македонија и во земјите членки на Европската унија, како и земјите од западен Балкан, вклучувајќи ја и Хрватска.

Компаративна анализа се врши со споредба на законите, анализа на сличности и разлики за човечките ресурси во сферата на заштита на индустриска сопственост во Република Македонија и искуствата од европските земји.

Испитувањето дава конкретна престава за состојбата на човечките ресурси и иноваторството во Република Македонија во споредба со земјите членки на Европската унија (одделно за Хрватска) и правците за подобрување на состојбата во Република Македонија.

## 3.6 Популација и примерок

Популација во овој труд се високо образовани кадри кои пројавиле интерес за полагање за застапник за заштита на индустриска сопственост, односно околу 30 кадри кои се вработени во адвокатски друштва, самостојни адвокати, агенции за интелектуална сопственост, друштва за застапување и заштита на интелектуална сопственост кои се регистрирани во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија.

## Четвртидел

## Република Македонија

## 4.1 Заштитата на индустриската сопственост во Република Македонија

Следејќи ги искуствата од соседните земји (земјите од поранешна СФРЈ)[13]а по осамостојувањето на Република Македонија се наметнува потреба за регулирање на заштитата на индустриската сопственост. Како датум за заштита на индустриска сопственост во Република Македонија се смета 24.04.1992 година.

Првиот национален закон стапи на сила на 15.07.1993 година, а на 28.03.1994 година стапија на сила и подзаконските акти.

Република Македонија стана членка на Светската организација за интелектуална сопственост на 23.07.1993 година со поднесување на Декларација за прифаќање на претходно ратификуваните меѓународни конвенции и договори.Станувањето член на Република Македонија во овие конвенции и договори датира од 08.09.1991 година, денот на осамостојувањето на државата.

Заводот за заштита на индустриската сопственост е основан на 01.12.1993 година, како орган во состав на Министерството за развој во својство на правно лице.Со донесувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа, институцијата продолжи да работи под назив Биро за заштита на индустриската сопственост, како орган во состав на Министерството за економија со својство на правно лице.

Во јуни 2002 година е донесен нов Закон за индустриската сопственост кој е во примена од 01.01.2004 година и е усогласен со меѓународните стандарди и основните принципи на Договорот за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост (ТРИПС Договорот), на Светската трговска организација и регулативата на Европската унија.

[13]Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Со измените на Законот во март 2004 година е променет статусот и називот на институцијата во Државен завод за индустриска сопственост, кој станува управна организација со статус на самостоен орган на државната управа.Согласно одредбите од Законот се донесени и подзаконските акти.Законот е изменет и дополнет и во март 2006 година со што е извршено понатамошно успгласување со европската регулатива и зајакнување на мерките за заштита на правата од индустриска сопственост.

## 4.2 Постапка на испитување на патент

Во Заводот за индустриска сопственост се предвидени три можни начини на испитување на пријавата. Станува збор за начини на испитување на пријавата на спроведување на постапката за испитување на условите за патентибилност на пронајдокот.Подносителот на пријавата на патент, имено треба, и тоа во барањето за признавање на правото на патент, да се изјасни заначинот на спроведување на постапката на испитување.

- Првиот начин на испитување на пријавата е спроведувањето потполно испитување во една од избраните институции кои, по правило, се државни и меѓудржавни заводи и кои, врз основа на Договорот за соработка во областа на патентите, имаат статус на овластени институции за меѓународно пребарување, односно меѓународно претходно испитување на меѓународните пријави на патенти.

- Вториот начин на испитување на пријавата е спроведувањето потполно испитување во некоја од институциите со која е склучен посебен договор за пребарување и потполно испитување.

- Третиот начин подразбира испитување спроведено во Државниот завод за индустриска сопственост. Во сите овие ситуации,се работи за испитување на условите за патентибилност на пронајдокот, односно за т.н. материјално испитување на пријавата.

Доколку подносителот не го определи начинот на испитување, должен е да се изјасни во рок од дванаесет месеци од датумот утврден како датум на поднесување на пријавата до Државниот завод за индустриска сопственост.

Кога испитувањето на пријавата го врши Државниот завод за индустриска сопственост, тој испитува:

1. Дали е назначен пронајдувачот
2. Дали е побарано признавање на саемско или униско право на првенство
3. Дали пријавата е во согласност со правилото на единство на пронајдокот
4. Дали во пријавата се содржани состојките во врска со содржината на пријавата на патент,содржината на барањето за признавање на патент, описот на пронајдокот, патентните барања и апстрактот
5. Дали предметот на пријавата е пронајдок кој на прв поглед може да се заштити со патент.

Во последнитот случај Државниот завод за индустриска сопственост испитува само :

- Дали човековата креација се смета за пронајдок
- Дали пронајдокот е исклучен од патентна заштита
- Дали пронајдокот влегува во состојбата на техниката што е содржана во националните пријави на патент (освен оние патентни пријави кои се отфрлени, повлечени или за кои е запрена постапката на испитување), во

европските патенти за коишто е побарана заштита на територијата на Република Македонија и во меѓународните пријави поднесени според Договорот за меѓународните пријави, поднесени според Договорот за соработка во областа на патентите, доставени до Државниот завод за индустриска сопственосткако избрана институција.

- Дали пронајдокот е индустриски применлив

## 4.3 Постапка на признавање на патент

1. Постапката за признавање на правата од индустриска сопственост започнува со поднесување пријава. Оваа пријава се поднесува до Државниот завод за индустриска сопственост, како надлежен државен орган. Постапката за признавање патент може да се поведе и со поднесување пријави во согласност со Договорот за соработка во областа на патентите, Договорот за проширување и Европската патентна конвенција.Пријавите се поднесуваат согласно условите предвидени со Заводот за индустриска сопственост, односно согласно условите предвидени со конкретните меѓународни конвенции и договори имајќи предвид дека Република Македонија е нивна членка. Содржината на пријавата за патент е уредена со Законот за индустриска сопственост. Пријавата за патент мора да содржи:

- Барање за признавање патент
- Опис на пронајдокот
- Едно или повеќе патент барања
- Кратка содржина на суштината на пронајдокот( апстракт)
- Нацрт на кој се повикува описот и патентното барање
- Доказ за платена такса за пријавување
- Превод на македонски јазик (доколку пријавата е поднесена на странски јазик)

По поднесување на пријавата, Државниот завод за индустриска сопственост го утврдува датумот на нејзиното поднесување. Државниот завод за индустриска сопственост ќе утврди датум на поднесување на пријавата на патентот ако пријавата го содржи следното:

- Јасна назнака дека е побарано признавање на патент
- Податоци за подносителот на пријавата
- Опис на пронајдокот

Доколку пријавата не содржи некој од овие три елемента Државниот завод за индустриска сопственост ќе го извести подносителот дека неговата пријава не е уредна и неможе да му биде признат датумот на поднесувањето.Државниот завод за индустриска сопственост го повикува подносителот во рок од 60 дена од приемот на повикот да ги отстрани утврдените недостатоци на пријавата. Ако се отстранети недостатоците во предвидениот рок Државниот завод за индустриска сопственост ќе го утврди датумот на поднесување на пријавата. Притоа, како датум на поднесување на пријавата ќе се смета датумот на прием на уредна пријава. Ако подносителот во рок од 60 дена од приемот на повикот за уредување на пријавата не ги отстрани недостатоците, ќе се смета дека пријавата е повлечена. Државниот завод за индустриска сопственост ќе донесе заклучок за запирање на постапката. Утврдувањето на датумот на поднесување на пријавата е од исклучително значење во патентното право. Со поднесување на пријавата на одреден датум, нејзиниот подносител се стекнува со т.н. право на првенство тоа значи дека има право на првенство спрема секое друго лице кое за истиот пронајдок подоцна ќе поднесе пријава.Со право на првенство се стекнува подносител на уредна пријава. За секој пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак се поднесува посебна пријава, за што на подносителот на пријавата Заводот за заштита на индустриска сопственост му издава потврда.

2. Пријавата на патент не може дополнително да биде изменета, односно кога се работи за пријава за нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак, не може пријавата суштествено да се измени или дополни.

3. Од денот на приемот на уредна пријава, подносителот на пријавата има право на првенство спрема секое друго лице кое за истиот пронајдок,нова форма на тело, слика или цртеж, односно знак подоцна ќе поднесе пријава.

4. Лицето кое на официјално призната изложба или саем од меѓународен карактер во Република Македонија или во некоја земја членка на Меѓународната унија за заштита на индустриската сопственост, изложи некој пронајдок, нова форма на тело, слика или цртеж, или употреби определен знак за обележување на стоки или услуги, може во рок од три месеци од денот на затворање на изложбата ( саемот) со пријава да побара право на првенство од првиот ден на излагањето, односно од денот на употребата. Кон пријавата се приложува и потврда од надлежен орган дека станува збор за официјално призната изложба(саем).

5. Пријавата мора да содржи податоци за подносителотна пријавата и за правото за кое се бара заштита.

6. По поднесувањето на пријавата, Заводот за заштита на индустриска сопственост врши:
   - Претходно испитување на пријавата, и
   - Формално испитување на пријавата.

Формалното испитување на пријавата треба да се разликува од утврдувањето на уредноста на пријавата. Формалното испитување го опфаќа утврдувањето на следниве услови:

- Дали е платена потребната такса
- Дали е поднесен превод на пријавата на македонски јазик (ако пријавата е составена на странски јазик)
- Дали подносителот на пријавата на патент се изјаснил за спроведувањето на постапката на испитување
- Дали се поднесени нацртите на кои се повикуваат описот на пронајдокот и патентното барање
- Дали е приложено полномошно, доколку пријавата е поднесена преку застапник.

Ако пријавата на патент не содржи некоја од овие состојки,Државниот завод за индустриска сопственост ќе го повика подносителот на пријавата, во рок кој не може да биде подолг од 60 дена сметајќи од денот на приемот на повикот, да ги отстрани утврдените недостатоци.На образложено барање на подносителот на пријавата, рокот за отстранување на недостатоците определен од Државниот завод за индустриска сопственост може да се продолжи, од оправдани причини, најмногу за 60 дена. Ако подносителот на пријавата во определениот рок не ги отстрани недостатоците, Државниот завод за индустриска сопственост утврдува дали подносителот на пријавата на патент се изјаснил за спроведувањето на постапката на испитување.

## 4.4 Испитување на новоста и инвентивниот придонес на пронајдокот

Од горе наведеното произлегува дека Државниот завод за индустриска сопственост не врши испитување на новоста и инвентивниот придонес на пронајдокот. Испитувањето на новоста и инвентивниот придонес на пронајдокот

се врши само во т.н. постапка за потполно испитување. Оваа постапка како што е наведено, може да ја вршат било избраните институции кои врз основа на Договорот за соработка во областа на патент имаат статус на овластени институции за меѓународно пребарување, односно меѓународно претходно испитување на меѓународните пријави на патенти, било институциите со кои е склучен посебен договор за пребарување и потполно испитување. Токму заради ова, Законот за индустриска сопственост изречно предвидува дека , кога испитувањето на исполнувањето на условите за патентибилност го врши Државниот завод за индустриска сопственост тој единствено утврдува дали предметот на пријавата е пронајдок кој на прв поглед, може да се заштити со патент.

Доколку Државниот завод за индустриска сопственост при материјалното испитување на пријавата, утврди дека не се исполнети законските услови, освен условот што се однесува на тоа дали предметот на пријавата е пронајдок кој, на прв поглед, може да се заштити со патент тој со допис ќе го извести подносителот на пријавата и ќе го повика во рок од 60 дена од приемот на известувањето да ги отстрани утврдените недостатоци. Наведениот рок врз основа на образложено барање на подносителот на пријавата Државниот завод за индустриска сопственост може да го продолжи најмногу за 60 дена. Ако подносителот во определениот рок не ги отстрани недостатоците Државниот завод за индустриска сопственост донесува решение за отфрлање на пријавата на патент. Како што беше укажано Државниот завод за индустриска сопственост не донесува решение за отфрлање на пријавата доколку станува збор за неисполнување на условот што се однесува на тоа дали предметот на пријавата е пронајдок кој на прв поглед може да се заштити со патент. Ако овој услов не е исполнет по извршувањето на материјалното испитување на пријавата Државниот завод за индустриска сопственост донесува решение за одбивање на пријавата на патент. Во секој случај, решение за одбивање не може да се донесе пред на странката да и се пружи можност да се изјасни по причините за одбивање на пријавата.

Имено Државниот завод за индустриска сопственост неможе да донесе решение за одбивање на пријавата на патент ако претходно и по писмен пат не го запознал подносителот на пријавата за причините поради кои неможе да се признае бараното право и ако не го повикал подносителот во примерен рок да се изјасни за тие причини. Должината на овој рок ја одредува Државниот завод за индустриска сопственост со тоа што определениот рок може на образложено барање на подносителот на пријавата да се продолжи до шест месеца. Државниот завод за индустриска сопственост ќе постапи поинаку доколку утврди дека предметот на пријавата е пронајдок кој на прв поглед може да се заштити со патент, како и дека не постојат други недостатоци на пријавата при нејзино материјално испитување. Во ваков случај Државниот завод за индустриска сопственост ќе го извести подносителот и ќе го повика во рок од 30 дена да ги плати трошоците за објавување на патентот во гласилото на Државниот завод за индустриска сопственост трошоците за издавање на исправа и таксата за одржување во важност. Ако подносителот не постапи по ова известување Државниот завод за индустриска сопственост ќе донесе решение за отфрлање на пријавата. Ако пак подносителот на пријавата во одредениот рок ги плати трошоците и таксите Државниот завод за индустриска сопственост ќе донесе решение за признавање на патент.Исто така Државниот завод за индустриска сопственост ги запишува податоците од решението за признавање на патент во регистарот на патенти, на денот на донесувањето на решението и ги објавува во неговото службено гласило во рок од 90 дена од денот на донесувањето. Заедно со податоците од решението се објавува и апстрактот на пронајдокот.Сите овие правила за материјалното испитување на пријавата се однесуваат на ситуациите кога условите за патентибилност ги испитува Државниот завод за индустриска сопственост.

Законот за индустриска сопственост предвидува поинакви правила за ситуациите кога се спроведуваат т.н. потполно испитување на пријавата. Сепак и дали во пријавата се содржани состојките во врска со содржината на пријавата на

патент, содржината на барањето за кога материјалното испитување на пријавата се врши како т.н. потполно испитување , Државниот завод за индустриска сопственост врши претходно формално испитување на пријавата, како што испитува и дали се исполнети условите што се однесуваат на тоа:

1. Дали е назначен пронајдувачот
2. Дали е побарано признавање на саемско или униско право на првенство[14]
3. Дали пријавата е во согласност со правилото на единство на пронајдокот

признавање на патент, описот на пронајдокот, патентните барања и апстрактот.

Спецификатана потполно испитување, се однесува првенствено на начинот на испитување на условите за патентибилност. Потполно испитување се врши кога подносителот на пријавата ова ќе го наведе во барањето за признавање на право на патент, како составен дел на пријавата. Подносителот на пријавата на патент е должен, најдоцна до истекот на две години од датумот на поднесувањето на пријавата на патентот до Државниот завод за индустриска сопственост да поднесе барање за потполно испитување во една од институциите за потполно испитување, како и да го достави примерокот од поднесеното барање. Откако ќе го добие т.н. доказ од потполно испитување подносителот на

---

[14]Саемско право на првенство „ Лицето кое на официјално признаен а изложба или саем од меѓународен карактер во Република Македонија или во друга земја членка на Париската унија или на СТО изложи дизајн, може во рок од три месеци од денот на затворањето на изложбата(саемот) со пријава да побара право на првенство од првиот ден на излагањето, односно од денот на употребата."

Униско право на првенство„ На правно или физичко лице кое во некоја од земјите членки на Париската унија или на СТО, поднело уредна пријава за индустриски дизајн, ќе му се признае право на првенство во Република Македонија од денот на поднесувањето на првата пријава ако тоа го побара во рок од 6 месециа од денот на поднесување на првата пријава".

пријавата е должен, во рок од шест месеца од датумот на кој го добил доказот истиот да го достави до Државниот завод заиндустриска сопственост заедно со неговиот превод на македонски јазик. Доколку подносителот на пријавата не поднесе барање за потполно испитување, односно ова барање не го достави до Државниот завод за индустриска сопственост, како и доколку не го достави доказот од потполно испитување Државниот завод за индустриска сопственост ќе донесе решение за отфрлање на пријавата. Во секој случај, Државниот завод за индустриска сопственост неможе да донесе решение за отфрлање на пријавата ако претходно и по писмен пат не го запознал подносителот на пријавата за причините поради кои се отфрла пријавата и ако претходно не го повикал подносителот во примерен рок, да се изјасни за тие причини. Во самиот доказ за потполно испитување, покрај укажувањето на тоа дали се исполнети сите услови за патентибилност на пронајдокот (новост, инвентивен придонес и индустриска применливост ) се утврдува и дали човековата творба е пронајдок дали постојат исклучоци од патентната заштита, како и дали пронајдокот е во согласност со правилото за единство на пронајдокот. Доколку доказот од потполно испитување биде доставен, Државниот завод за индустриска сопственост најпрво утврдува во која мера содржината и обемот на патентното барање за соодветниот пронајдок ги исполнува условите за патентибилност на пронајдокот. Притоа Државниот завод за индустриска сопственост може да донесе, зависно од сопствената оценка три вида решенија.

1. Првиот вид решение подразбира дека пронајдокот по бараниот патент ги исполнува сите услови за патентибилност и дека на тие услови во целост одговара патентното барање или патентните барања.
2. Вториот вид решение подразбира дека пронајдокот само делумно ги исполнува условите за патентибилност и со него се дава ограничена натамошна важност на патентното барање или патентните барања во обем во кој ги исполнува условите .

3. Третиот вид решение за огласување за ништовност кога пронајдокот од денот на поднесувањето на патентната пријава не ги исполнува условите за патентибилност.

Во секој случај битно е да се забележи дека Државниот завод за индустриска сопственост не е врзан со содржината на доказот од потполното испитување. По донесувањето решение за признавање на патентот, Државниот завод за индустриска сопственост ги запишува податоците од решението во Регистарот на патенти со датумот и бројот на објавата на тоа решение. Податоците од решението за отфрлање на пријавата и одбивање на барањето за признавање на патентот, пак се запишуваат во Регистарот на пријави на патенти. Исто така, податоците од решението за признавање на патентот се објавуваат во службеното гласило на Државниот завод за индустриска сопственост, најдоцна во рок од 90 дена од денот на донесувањето на решението. Кон податоците на решението се објавува и првото патентно барање и се наведува бројот на патентни барања. Без оглед на кој начин е извршено материјалното испитување на пријавата, Државниот завод за индустриска сопственост му издава на носителот на правото на патент исправа за патент најдоцна во рок од шест месеци од денот на донесувањето на решението за признавање на правото на патент. Исто така, но само на барање на носителот на патентот Државниот завод за индустриска сопственост издава патентен спис. Содржината на исправата за патент и патентниот спис се утврдува со Правилникот за патент.

Правата од индустриската сопственост се права од интелектуални творби и економски врски од областа на индустријата , трговијата и земјоделството, а тоа се : патентот , индустрискиот дизајн , трговската марка , ознаката на потеклото и географската ознака, децидно наведени во Законот за индустриска сопственост (чл.2ст.1). Со наведениот закон е уредено стекнувањето , остварувањето и заштитата на овие права.

Од граѓанско правен аспект во заштитата на правата од индустриската сопственост има значајна улога и Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи кој го нормира правото на заштита покрај имотните права и на личните права на секое правно и физичко лице ( чл. 9-а ст.1 )

Со наведениот закон за прв пат се потенцира личниот карактер на овие права како продукт на интелектуалниот труд, со вклучување на интелектуалното творештво под поимот лични права (чл.9-а ст.2 ). Ваквиот третман на овие права беше неминовност во законската регулатива и правниот поредок во нашата држав, која што имаше обврска за усогласување на своето законодавство со европските стандарди во погледна заштитата на правата од индустриската сопственост ( ТРИПС договорот, Директивите на ЕУ ) . Ваквиот приод ја олесни нивната заштита преоѓајќи од еден индиректен пристап на третман на овие права со останатите права од стварно правен и личен карактер во нивно конкретно вбројување под поимот на лични права . Ова значи исчекор во поефективната заштита на правата од индустриската сопственост и исполнување на високите меѓународни стандарди .

Заштитата на овие права во основа е регулирана со Законот за индустриската сопственост кој што во изминатиов период сметано од 1993 година, кога за прв пат е донесен, претрпе бројни измени и усогласувања со меѓународните стандарди во поглед на заштитата на овие права, особено по зачленувањето на Република Македонија во Светската трговска организација во 2003 година. па се до донесување на новиот Закон за индустриска сопственост во февруари , 2009 година.

Покрај предметот на заштита за секое право од индустриската сопственост овој закон ги определува и субјектите кои можат да бидат носители на овие права. Тоа се домашните правни и физички лица но и странските правни и физички лица кои ги уживаат истите права ако тоа произлегува од меѓународните договори и

конвенции или од примена на начелото на реципроцитет .Овие субјекти како носители на правата од индустриската сопственост имаат морални и исклучителни права утврдени со наведениот закон, кој што ја предвидува и нивната заштита од управно правен аспект како и од граѓанско правен аспект .

Управно правната заштита се остварува пред Државниот завод за индустриска сопственост со донесување решение во управна постапка, кое е конечно и против истото може да се поведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Р. Македонија.

Граѓанско правната заштита на правата, Законот за индустриска сопственост ја дефинира како судска заштита и се остварува со поднесување на тужба пред судот кој е надлежен за решавање на споровите за заштита на правата од индустриска сопственост, а тоа е Основниот суд со проширена надлежност согласно Законот за судовите . Самата заштита ги опфаќа како признатите права, така и пријавените права во согласност со законот .[15]

## 4.5 Застапување во постапката за заштита на правата од индустриска сопственост

За застапувањето при заштита на индустриската сопственост, како посебен вид сопственост кој има големо значење не само за поединецот туку за целата заедница, е потребна посебна стручност и познавање од областа на

[15] Види повеќе http://www.ihr.org.mk/mk/praven-dijalog/praven-dijalog-br2/121-gragansko-pravnata-zashtita.html

индустриската сопственост, со цел да се обезбеди уставна гаранција на правата што произлегуваат од научното творештво.

Основна задача на застапникот е нудење професионална правна помош и професионални услуги на заинтересираните лица. Застапниците ги советуваат своите странки при заштитата на пронајдоци и знаци за разликување, изработуваат писмени барања за признавање на правата од индустриската сопственост, а посебно при прометливоста на правата.

Застапникот за индустриска сопственост пред се треба да дејствува чесно и совесно.

Застапникот е обврзан на чување тајна за сите активности што ги врши .Како застапникно оваа обврска ќе продолжи дури и кога ќе престане со застапувањето.

## 4.6 Кој може да го врши застапувањето

Законот за индустриска сопственост прави разлика на домашни и странски правни лица. Имено, во постапката пред Заводот за индустрискасопственост и пред органите на државната управа, странските правни и физички лица ги остваруваат своите права преку полномошник кој е домашно правно или физичко лице регистрирано за застапување во областа на индустриската сопственост.

Домашните лица можат да ги остварат своите права лично односно преку законскиот застапник, но може да ангажираат и застапник од индустриската сопственост.Ова прозлегува од Париската конвенција за заштита на индустриската сопственост.

Застапување на странките во постапката за заштита на правата од индустриска сопственост пред Заводот за заштита на индустриска сопственост и пред органите на државната управа можат да го вршат физички и правни лица кои се запишани во регистарот што го води Заводот за индустриска сопственост. Во регистерот на застапници може да се запишат: физичко лице кое има завршено правен или еден од техничките факултети и положен специјалистички испит од областа на индустриската сопственост или посебен испит од областа, положен во Заводот за индустриска сопственост, и правно лице кое има вработено најмалку едно лице со завршен правен или еден од техничките факултети и положен специјалистички испит од областа на индустриската сопственост или посебен испит од областа, положен во Заводот за индустриска сопственост.

Знаењето во врска со постапката за заштита на правата од индустриската сопственост не се стекнува преку редовните студии на правниот ниту на кој било од техничките факултети. Оваа област е специфична и бара висок степен на едукација, целосно познавање на постапката за заштита на правата пред Заводот за заштита на индустриската сопственост како и познавање на меѓународната легислатива.

Пропишувањето на посебни услови за заштита на индустриската сопственост претставува гаранција за стручност и квалификуваност во заштитата на индустриската сопственост. Посебно езначајна улогата на застапниците при водење на постапките за заштита на правата од индустриска сопственост пред судовите.

Стручното застапување на странките претставува своевиден придонес за зголемување на ефикасноста на судската заштита воопшто. Овој испит мора да го полагаат и адвокатите, за да имаат право да ги застапуваат странските физички и правните лица.Согласно тоа, Државниот завод за заштита на

индустриската сопственост организира стручен испит за застапници за заштита на правата од индустриска сопственост.

Стручниот испит за застапници може да го полага физичко лице со завршен правен или еден од техничките факултети и платени трошоци за полагање на испитот. Се одржува еднаш годишно, а може да се одржи и повеќе пати во зависност од интересот. Одржувањето на испитот се објавува во два дневни весника.

Правилникот за индустриска сопственост е составен дел на Програмата за полагање на стручниот испит за застапници за заштита на правата од индустриска сопственост. Испитот се полага пред испитна комисија составена од претседател, четири члена, нивни заменици и секретар со мандат од две години, а по истекот на тој рок членовите можат да бидат повторно именувани.

Лицата кои сакаат да полагаат стручен испит поднесуваат писмена пријава до Заводот за индустриска сопственост, која содржи:

- Име, презиме, адреса, телефон, факс, е-пошта
- Доказ за стручна подготовка
- Доказ за платена такса за полагање на стручен испит

Документите (акти) се доставуваат во оригинал или заверена копија, во целина или само на делот од кој јасно произлегува дека условите се исполнети. Поради специфичноста на материјата пред одржувањето на испитот се одржуваат предавања во кои се опфатени сите области според Програмата за полагање стучен испит за застапници. Предавањате се одржуваат последователно, пет работни дена, обично вопопладневните часови.

Комисијата може, по барање на кандидатот, поради оправдани причини, да го одложи полагањето на испитот, но најмалку за шест месеци.

Стручниот испит се полага писмено и усно. Во писмениот дел кандидатот обработува определени прашања од постапката за заштита на индустриската сопственост. За време на полагањето на писмениот дел дозволена е употреба на стручна литература. Времетраењето на испитот е 90 минути. Кандидатот кој успешно го положил писмениот дел истиот ден го полага и усниот дел, а најдоцна во рок од 8 дена од полагањето на писмениот дел. За текот на усмениот дел се води записник кон кој се приложува и писмената задача на кандидатот.

За секоја тематска област кандидатот добива посебна оценка. Успехот на кандидатот се оценува вербално: -положил- или –неположил-. На кандидатот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит, со што стекнува право на впишување во регистерот на застапници. Ако кандидатот покажал незадоволителни познавања до три тематски области се упатува на поправен испит. Поправниот испит кандидатот може да го полага во рок што ќе го определи испитната комисија, но не покус од еден ниту подолг од шест месеци. Ако кандидатот покажал незадоволителни познавања на поправниот испит ќесе смета дека не го положил стручниот испит и мора повторно да го полага во целост.

Доколку кандидатот покажал незадоволителни познавања на четири или повеќе тематски области, целосниот успех на кандидатот се оценува со “неположил“. Кандидатот кој без оправдани причини не пристапи кон полагање на испитот или не ја редаде работата или се откаже од започнатото полагање на писмениот дел, ќе се смета дека не го положил стручниот испит. Во последниот број од годината во службеното гласило на Заводот за индустриска сопственост се објавува листата на лицата кои го положиле испитот за застапници за таа година.

## 4.7 Потребно образование за да се добие дозвола за полагање за застапници

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија врз основа на член 280 став (6) член 283 став (4) член 284 став (2) и член 289 став (2) од Законот за индустриска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.21/.2009 ), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост усвои - Правилник за стручниот испит за застапници за индустриска сопственост и за регистерот за застапници-.

Во овој Правилник за стручниот испит за застапници за индустриска сопственост и за регистерот за застапници во Член 2е предвидено:

(1) Стручниот испит за застапници за индустриска сопственост (во понатамошниот текст стручен испит) може да полага физичко лице со завршен правен, еден од техничките факултети и фармацевтски факултет и платени трошоци за полагање на испитот.[16]

(2) Содржината на стручниот испит е утврдена со Програмата за полагање на стручниот испит за застапници за индустриска сопственост.

Програмата за полагање стручен испит за застапници за индустриска сопственост е со следната соджина:

- Право на индустриска сопственост

- Патент

---

[16]http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/PravilnikzaStrucenIspitzaZastapnici/PravilnikzaStrucenIspitzaZastapnici.pdf

- Индустриски дизајн
- Трговска марка
- Географски назив
- Мерки на обезбедување
- Топографија на интегрални кола
- Управна постапка и управен спор
- Облигациони односи
- Кривичен законик

Со стручниот испит за застапниците за индустриска сопственост се проверува знаењето на кандидатите од областа на индустриската сопственост.

Обемноста на материјата укажува дека се работи за специфична проблематика која бара високо образовен кадар од точно утврдени области.Во Правилникот за стручниот испит за застапници за индустриска сопственост пропишани се струките кои се потрбни за полагање на стручен испит а, тоа се правен факултет еден од техничките факултети и фармацевтски факултет.

Знаењето во врска со постапката за заштита на правата од индустриската сопственост не се стекнува преку редовните студии на правниот ниту на кој било од техничките факултети. Оваа област е специфична и бара висок степен на едукација, целосно познавање на постапката за заштита на правата пред Заводот како и познавање на меѓународната легислатива. Пропишувањето на посебни услови за заштита на индустиската сопственост претставува гаранција за стручност и квалификуваност во заштитата на индустриската сопственост. Посебно е

значајна улогата на застапниците при водење на постапките за заштита на правата од индустриската сопственост пред судовите.

Стручното застапување на странките претставува своевиден придонес за зголемување на ефикасноста на судската заштита воопшто. Овој испит мора да го полагаат и адвокатите, за да имаат право да ги застапуваат странските физички и правните лица.Согласно тоа, Заводот за заштита на индустриска сопственост организира стручен испит за застапници за заштита на правата од индустриска сопственост. Стручниот испит за застапници може да го полага физичко лице со завршен правен или еден од техничките факултети и платени трошоци за полагање на испитот.

## 4.8 Постапка околу впишување во регистар на застапници

Лицето кое го положил о стручниот испит за застапници односно лицето на кое му е признат специјалистичкиот испит за застапници се стекнува со право да се впише во регистарот на застапници. Во регистарот на застапници се запишуваат физички и правни лица кои активно се занимаваат со застапување на странките при заштита на правата за индустриска сопственост, односно како претежна дејност ја имаат регистрирано дејноста74.11 од Националната класификација на дејноста.Барањето за впишување во регистарот на застапници, се поднесува на образец ДЗИС-31 во три примероци. Во прилог на барањето се доставуваат: доказ за државјанство; доказ за стручна подготовка; доказ за работен однос; доказ за вршење на дејноста за застапување од областа на индустриската сопственост; доказ за положен стручен испит; доказ за платена административна такса. Со

впишувањето во регистарот секој застаник добива регистарски број, а со плаќање на одредени трошоци, податоците при впишувањето во регистарот на застапници се објавуваат во службеното гласило на Заводот за заштита на индустриска сопственост. .

Податоците на регистрираните застапници се објавуваат на веб страницат на Заводот за заштита на индустриска сопственост и се доставуваат до заинтересираните странки со што се прави еден вид нивно промовирање. Изводот од регистарот на застапници се објавува еднаш годишно во првиот број на гласилото на Државниот завод за индустриска сопственост.По барање на застапникот, Државниот завод за заштита на индустриска сопственост издава и потврда дека е редовен застапник од областа на заштитата на правата од индустриската сопственост.

## 4.9 Обновување на впишување во регистар на застапници

Барањето за обновување во регистарот на застапници се обновува пред истекот на една година од денот на впишувањето, односно од денот на обновувањето на впишувањето во регистерот. Се поднесува на образец ДЗИС-3-3.во два примерока. Во прилог на барањето се доставува:

- список на вработени лица кои ги исполнуваат условите за застапување:
- доказ за работен однос на тие лица (М1 и М2 образци) или писмена изјава дека тие лица се сеуште се вработени кај правното лице, односно адвокатското друштво;
- доказ за вршење дејност на застапување од областа на индустриската сопственост односно решение за упис во судскиот

регистар и решение за распоредување на деловниот субјект според претежната дејност;

- доказ за платена административна такса во оргинал.

## 4.10 Бришење од регистар на застапници

Застапникот се брише од регистарот на застапнициако:

- Не побара обновување на впишувањето во регистарот
- Не побара барање за бришење од регистарот
- Со судска одлука му е забрането впишување на застапување
- Не поднесе доказ дека ги исполнува условите за обновување на впишувањето во регистарот
- Физичко лице се брише од регистарот во случај на смрт и ако ја загуби деловната способност
- Правно лице се брише од регистарот со престанок на правното лице .

Во гласилото на Заводот за индустриска сопственост, по службена должност се објавуваат податоците за бришење на застапниците од регистерот на застапници.

## 4.11 Повторно впишување во регистар на застапници

Застапникот кој еднаш бил избришан од регистарот на застапници, може повторно да поднесе барање за впишување и при секое повторно впишување добива нов реден број.[17]

## 4.12 Задачи кои ги извршува застапникот за заштита на индустриска сопственост

Основната задача на застапникот во областа на индустриската сопственост е нудење професионални услуги на заинтересираните лица. Посебно е значајна улогата на застапниците при водење постапка за заштита на правата од индустриска сопственост пред судовите. Стручното застапување на странките претставува своевиден придонес за зголемување на ефикасноста на судската заштита.

За застапувањето при заштита на индустриската сопственост, како посебен вид сопственост кој има големо значење не само за поединецот туку за целата заедница, е потребна посебна стручност и познавање од областа на индустриската сопственост, со цел да се обезбеди уставна гаранција на правата што произлегуваат од научното творештво.

---

[17]Правилник за стручниот испит за застапници за индустриска сопственост и за регистарот на застапници Службен весник на РМ бр.92 од 24.07 2009 година

Основна задача на застапникот е нудење професионална правна помош и професионални услуги на заинтересираните лица. Застапниците ги советуваат своите странки при заштитата на пронајдоци и знаци за разликување, изработуваат писмени барања за признавање на правата од индустриска сопственост, а посебно при прометливоста на правата.

Застапникот пред се треба да дејствува чесно и совесно, обврзан е на чување тајна за сите активности што ги врши како застапник; оваа обврска ќе продолжи дури и кога ќе престане со застапувањето.

## 4.13 Застапници запишани во регистарот во Македонија

Во Република Македонија во регистарот на Државниот завод за индустриска сопственост впишани се 83 застапници од кои 50 адвокати, а 33 се адвокатски друштва кои вршат заштита на индустриската сопственост[18] 05.06.2014 година

## 4.14 Состав и надлежност на комисијата пред која се полага испит за застапници

Стручниот испит за застапници за индустриска сопственост се полага пред испитна комисија составена од претседател, четири члена, нивни заменици и секретар. Претседателот, членовите, замениците и секретарот на комисијата со решение ги именува и разрешува директорот на Заводот за индустриска сопственост и тоа со мандат од три години а, по истекот на тој рок членовите можат да бидат повторно именувани за уште еден мандат од три години. При

[18]Види повеќе http://www.ippo.gov.mk/MK/ZastapniciView.aspx

именувањето на членовите и заменици на испитната комисија се определуваат и предметите по кои тие ги спроведуваат предавањата и испитот. Претседател и членови на комисијата можат да бидат лица кои имаат научни или стручни познавања од одредена област.

За претседател и членови на испитната комисија можат да бидат назначени личности што имаат стручна квалификација и работно искуство од област на предметите кои ќе ги испитува.

Испитната комисија ги составува испитните прашања, ги спроведува усните и писмените стручни испити и одлучува за успехот на кандидатот на испитот.[19]

---

[19]http://www.dziv.hr/files/File/zastupanje/Pravilnik_str_isp_zast.pdf

# Пети дел

## Компаративен преглед

## Хрватска иземји членки на Европска унија

## 5.1 Хрватска

Развојот на заштитата на интелектуалната сопственост во современа смисла во Хрватска започнало во 19 век во состав на Австро –унгарската монархија. После втората светска војна Хрватска дејствува во состав на Југословенската заедница,[20]во надлежност на патентната канцеларија со седиште во Белград.

По осамостојувањето на Република Хрватска на 31.12.1991 година основан е денешниот Државен завод за интелектуална сопственост. Тогаш Хрватскасамостојно изработува национална програма за заштита на интелектуалната сопственост следејќи ги современите светски текови.

Заводот за индустриска сопственост најнапред е основан како Републички завод за индустриска сопственост,подоцна е променето во Државен завод за патенти.Во надлежност на Државниот завод од 07.11.1996 година влегуваат авторските права и сродни права,со што се обединува целосно подрачјето на интелектуална сопственост,со тоа се менува и името во Државен завод за интелектуална сопственост.

## 5.2 Постапката за признавање на патент во Хрватска

Постапката за признавање на патент се состои од неколку фази во кои се тестираат поединечни елементи на апликацијата. Процесот започнува со поднесување, по нејзината формална процедура за испитување по објавувањето на известувањето во Службен весник на Државниот завод за интелектуална

[20]СФРЈ Социјалистичка Федеративна Република Југославија

сопственост. Објавениот патент ќе стане достапен за јавноста,како и сите заинтересирани лица имаат право да извршат увид во текстот на пријавата . По објавувањето на спроведувањето на процесот продолжува само доколку барателот поднесува барање за испитување на условите за признавање на патент.

Ако тој не биде поднесен до една од горенаведените барања, и платени соодветните надомест и трошоците на постапката, пријавата на патент ќе се смета за повлечена и Државниот завод за интелектуална сопственост ќе ја прекине постапката за признавање на патент.

По поднесување на еден од следниве барања за тестирање , Одделението врши понатамошна соодветна постапка за испитување на содржината на пријави на патенти . Процесот може да резултира со признавање на правото на патент или за овој пронајдок , ако тие ги исполнуваат законските барања и одбивање на пријавата за патент , ако не се исполнети овие услови. Важно е да се напомене дека пред донесување на конечна одлука за одбивање на барањето за подносителот на барањето за патент има можност да се утврди каква било измена или поднесување на дополнителни аргументи за да се добие поволен резултат на постапката.

## 5.3 Мисијата на Државниот завод за интелектуална сопственост на Хрватска

Државниот завод за интелектуална сопственост е столб на националниот систем на права на интелектуална сопственост преку промоција на иновативноста и креативноста се придонесува за глобалната конкурентност на националната економија и социјалните, научните и културниот напредок на Хрватска и нејзините граѓани.

• Признавањето и запишување на правата на индустриска сопственост

• Изготвување на законодавството и развој на национален систем на интелектуална сопственост

• Обезбедување на информации и советодавни услуги од својот делокруг

• Образование, обука, промоција и информации од јавен карактер

• Со воведувањето на хрватските меѓународни организации и други форми на меѓународна соработка во областа на интелектуалната сопственост

• Организацијата инспекција за колективно управување на авторското право и сродните права.

## 5.4 Визија на Државниот завод за интелектуалнасопственост на Хрватска

• За да стане водечка организација во областа на правата на интелектуална сопственост во регионот, познат по иновативни, напредни и квалитетни услуги

• Успешно привлекување, развивање и задржување на најдобрите професионалци

• Да се поттикне и активно да учествуваат во подобрување на националниот систем за заштита и спроведување на правата на интелектуална сопственост

• Да се поттикне и активно да учествуваат во подобрување на економската експлоатација на интелектуалната сопственост.[21]

## 5.5 Правилник за застапници во Хрватска

Во состав на Државниот завод за интелектуална сопственост на Хрватска влегува и Правилник за стручен испит за овластени застапници во подрачјето на права на индустриска сопственост на Хрватска.

Со овој правилник се пропишува стручен испит за овластени застапници во подрачјето на права на индустриска сопственост, постапка на пристапување на стручен испит, основање , состав и начин на работа на испитната комисија која ги спроведува стручните испити, начинот на полагање, издавање на уверение за положен стручен испит и водење посебна евиденција за положен стручен испит.

Одредбите на овој правилник се во склад со Директивите 2006/123/ EZ за услуги на внатрешен пазар.

Со стручниот испит се проверува знаењето кое е потребно за извршување на работите на овластен застапник во подрачјето на правата на индустриска сопственост.

Со стручниот испит за патентен застапник се проверува знаењето кое го поседува кандидатот кој сака да полага за застапник од областа на патенти и од областа на интелектуална сопственост(посебен и општ дел).

Стручниот испит за застапници за жигови, се проверува знаењето на кандидатите од областа на индустриска сопственост (посебен дел ) и права на интелектуална сопственост (општ дел).

[21]http://www.dziv.hr/hr/o-zavodu/dziv/djelatnost/

Стручниот испит во Хрватска се полага пред испитна комисија одредена од Заводот за интелектуална сопственост. Испитната комисија се состои од претседател, два члена и секретар. Испитната комисија ја назначува директорот на Заводот за интелектуална сопственост. Со одлука директорот на заводот за интелектуална сопственост го назначува претседателот, членовите и секретаротна испитната комисија. Со одлука директорот на Заводот за интелектуална сопственост назначува кој предмет ќе го испитува личноста именувана во испитната комисија.

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија врз основа на член 280 став (6) 283 став (4) член 284 став (2) и член 289 став (2) од Законот за индустриска сопственост(„ Службен весник на Република Македонија“ од бр.21/2009), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе Правилник за стручен испит за застапници за индустриска сопственост и за Регистарот на застапници.

Правилникот за стручен испит за застапници за индустриска сопственост содржи :

-содржината и програмата на стручниот испит,

- содржината на пријавата за полагање на стручниот испит,

- постапката за спроведување на стручниот испит и поправен испит,

- содржината на евиденцијата на лицата кои го положиле испитот,

- содржината и формата на барањето за впишување во регистарот на застапници,

- постапката за впишување во Регистарот на застапници и соодветната документација,

- содржината, формата како и постапката по барањето за обновување на впишување во Регистарот на застапници и

- содржината, формата на барањето како и постапката по барањето за впишување промени во Регистарот на застапници

## 5.1.1 Застапници во земјите членки на Европска унија

## 5.1.2Застапување пред Европската патентна организација

Европската патентна конвенција (ЕПК ), содржи одредби кои се однесуваат на обезбедување на правна заштита во постаптите кои се водат пред Европската патентена организација. Имено, пред ЕПО постапката за признавање патент може да ја води самото лице ( физично или правно лицее сеедно) кое ја поднело пријавата или пак тоа може да биде застапувано од професионален застапник - патент адвокат.

Генерално, не постои обврска лицата кои водат постапка пред ЕПО да бидат претставени од страна на професионален застапник. Сепак, доколку лицето нема седиште или место на претежно деловно работење во една од државите потписнички на Европската патентна конценција тоа -мора да биде претставено од страна на професионален претставник и преку него да дејствува во сите постапки -, освен за поднесување на европска пријава на патент [чл. 133 (2) од ЕПК ]. Застапувањето на лицата кои мораат да бидат претставени пред ЕПО или на лицата кои не се обврзани за тоа, но сакаат да бидат претставени мора да биде од страна на професионален претставник, или, во некои околности, застапувањето може да го врши овластен работник во правното лице [чл. 133 (3) од ЕПК] како и адвокат кој има такво својство согласно внатрешното право на една од земјите потписнички на ЕПК [ чл. 134 (8) од ЕПК ]. Во однос на застапувањето во постапката пред ЕПО од страна на адвокат регистиран како таков во некоја од земјите потписнички на ЕКП ќе дополнам уште и дека истиот мора да има регистрирано седиште во една од земјите потписнички на ЕПК и во

таа земја да му е дозволено да дејствува како професионален претставник во однос на патент прашања [ чл. 134 (8) од ЕПК ].

## 5.1.3 Професионални претставници

Професионалните претставници пред ЕПО имаат титула европски патент адвокат (ЕПА). Европски патент адвокат може да биде лице кое ги исполнува следните услови:

1. Да е државјанин на една од државите потписнички на ЕПК (Претседателот на ЕПО може да одобри исклучоци - во посебни околности - [ чл. 134 ( 7) од ЕПК ]); и
2. Да имаат седиште во една од државите потписнички на ЕПК и
3. Да има положено Европски квалификациски испит ( ЕКИ)

## 5.1.4 Европски квалификациски испит

Европскиот квалификациски испит ( EQE ) се состои од четири испитни дела ( документи) и тоа. :

1. ДЕЛ А ( времетраење на испитот 3 ½ часа ) - се состои во изготвување барања и воведен дел (поле на пронајдокот, техничкиот проблем кој се решава со патентот и целите на неговото решение ) на европска пријава на патент , врз основа на фиктивно писмо од страна на клиентот во кое се опишува пронајдокот.[22]

---

[22][Европски квалификациски испит, прирачник за подготовка, 3-то издание, стр. 13 ( European qualifying examination, Guide for preparation, 3rd edition (September 2013), p. 13 ].

2. ДЕЛ Б ( времетраење на испитот 3 часа ) се состои во изготвување на одговор на официјален приговор на пријавен патент кој се однесува на суштински неправилности на патентот (на пр. Новитетот или инвентивноста на пронајдокот). Одговорот треба да биде подготвена врз основа на фиктивни инструкции од клиент.[23]

3. ДЕЛ Ц ( времетраење на испитот 5 часа ) - се состои во изготвување на приговор на европски патент. Целта на овој дел од испитот е врз основа на фиктивни писмо од клиент, европскиот патент адвокат да се спротивстави на веќе пријавен патент.[24]

4. ДЕЛ Д ( времетраење на испитот 5 часа) - се состои од серија на правни прашања поврзани со ЕПК и Договорот за патенти соработка ( ДСП ); како и анализа на фиктивен правен случај која се однесува на разгледување на правната состојба на клиентот и истовремено предлагање на мерки кои треба да се преземат со цел справување со ситуацијата.[25]

## 5.1.5 Статистика на Европската патентна организација

Согласно официјални статистички податоци во ноември 2010 година, во регистерот на професионални застапници пред ЕПО регистирани се околу 10.000 лица како професионални претставници – физички лица, нешто помалку од 1500 правни експерти соправо да застапуваат пред ЕПО, и 300 патенти правни фирми,

[23][Европски квалификациски испит, прирачник за подготовка, 3-то издание, стр. 13 -14( European qualifying examination, Guide for preparation, 3rd edition (September 2013), p. 13 -14].
[24]Европски квалификациски испит, прирачник за подготовка, 3-то издание, стр. 14 ( European qualifying examination, Guide for preparation, 3rd edition (September 2013), p. 14 ].
[25]Европски квалификациски испит, прирачник за подготовка, 3-то издание, стр. 15 ( European qualifying examination, Guide for preparation, 3rd edition (September 2013), p. 15 ].

кои се регистрирани како здруженија на претставници согласно член 152 (11) од ЕПК.[26]

Почнувајќи од јануари 2013 година, имало токму 10.427 професионални претставници.[27]

### 5.1.6 Регионална Европска заштита

Постапката за признавање на патент кој го спроведува Европската патентна организација овозможува заштита на земји членки на Европската патентнтна организација. Регионалниот патентен состав овозможува поднесување на една пријава за патент на едно место, а со истовремено правно дејство во повеќе земји. Европскиот патент се признава во постапка која ја води Европската патент канцеларија на темелите на Европската патент конвенција.

Европската пријава на патент може да се поднесе директно во Европската патент канцеларија, или преку Државниот завод за интелектуална сопственост. Европската пријава на патенти се објавува во Службен весник на Европската патент канцеларија по истекот на 18 месеци од датумот на правото на првенство. Се извршува претходно формално испитување, и ако е можно испитување на новоста на техниката.

Извештајот за проверката се објавува заедно со пријавата. По барање на подносителот на пријавата се спроведува постапка на потполно испитување. Во случај на признавање на европски патент има исто значење на територијата на

[26]види повеќе - K. Finnilä, T. Johnson, "Interview with Hans-Christian Haugg Director, Legal Division, EPO, Munich, 22 November 2010", epi Information 1/2011)
[27]види повеќе - "List of Professional Representatives as at 19.01.2013 by their place of business or employment in the Contracting States". *epi Information* (Carl Heymanns Verlag) (1/2013): page 16. Retrieved November 8, 2013.

земјите кои се назначени во пријавите. Одлуката за признавање на патент е од датумот кога е огласен во Европскиот патент весник за признавање на патент, од тој датум тече рокот од девет месеци кога може да се поднесе приговор за признавање на Европски патент.

Европскиот патент во Република Хрватска произведува правно дејство тогаш кога се исполнети сите услови за упис на Европскиот патент во Регистарот кој го пропишува Законот за патенти. Ако се земат предвид трошоците и сложеноста на Европскиот патент (ЕПО) потребно е да се побара професионален застапник.

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија спроведува меѓународна постапка за признавање на правата од индустриска сопственост согласно меѓународните договори кон кои пристапила Република Македонија;

## 5.1.7 Заштита на интелектуалната сопственост во светски рамки

Секоја земја во светот има законодавство што ја штити интелектуалната сопственост. Со текот на годините постигната е значајна хармонизација на законите за Интелектуална сопственост и денес најголем број земји имаат донесено закони коишто овозможуваат многу форми на заштита на Интелектуалната сопственост.

Двата најважни столба на меѓународниот систем за Интелектуална сопственост кои се спомнуваат погоре во текстот се: Париската и Бернската конвенција коишто се донесени 1886 година. Последователно се усвоени голем број други договори со коишто се гарантира дека системот е во чекор со тековните

трендови и вредности. На 1 јануари 1995 година, со влегување во сила на договорите со коишто се воспоставува Светската трговска организација, беше постигната понатамошна хармонизација со оглед на тоа што земјите членки на Светската трговска организација (146 земји во ноември 2003 година 153 членки на 23 јули 2008 година ) го ратификуваат Договорот за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост (ТРИПС) со кој се воспоставуваат минимум стандарди за заштита на главните форми на права на Интелектуална сопственост. Македонија е членка на Светската трговска организација од 2003 година.Седиштето на Светската трговскаорганизација е во Женева, Швајцарија.

Светската трговска организација(World trade organization-WTO) претставува еден од основните и најзначајните резултати на Уругвајската рунда мултилатерални трговски преговори, одржани во рамките на општата спогодба за царина и трговија (General Agreementof Tariffs and Trade- GATT). GATT прераснува во WTO.

Светската трговска организација се раководи од три меѓународни општи спогодби :

1. Општа спогодба за царина и трговија –ГАТТ ( се грижи за трговија со стоки
2. Општа спогодба за трговија со услуги – ГАТТ ( ги пропишува правилата во надворешната трговија со услуги)
3. Спогодба за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост – ТРИПС ( ги пропишува правилата за заштита на правата за интелектуална сопственост.

Светската Трговска Организација е една од најважните институции кои се занимаваат со меѓународните економски врски. Светската трговска организација има свои органи, односно нејзината улога е двојна . Првата улога е да основа и засили правила за патиштата на меѓунароната трговија на производи и услуги, а

втората улога е либерализација на трговијата.Потребите на земјите да бидат дел од оваа организација потекнува од големите привилегии што членството во СТО ги носи со себеа, во поглед на обезбедување на поповолен третман за националните производи и трговските субјекти при нивниот пристап на странските пазари.Членството во Светска трговска организација е од голема важност за стекнување статус рамноправен трговски партнер, а, воедно и регулирање на прашањата од меѓународна размена врз мултилатерален принци.

Секоја земја членка на Светската трговска организација е должна да ги назначи другите земји за најповластени, така што (со некои исклучоци) трговските концесии кои ги дала земја членка на Светската трговска организација кон друга земја мора да им ги даде и на сите други земји членки на Светската трговска организација.

Функциите кои ги спроведува Светската трговска организација ги превзела од ГАТТ а, тоа се:

Да составува правила за меѓународна трговија и да се грижи за примената на тие правила;

Да дејствува како форум за мултилатерални преговори и за следење на надворешно-трговската либерализација

Да ги решава надворешно-трговските проблеми;

Да ја унапреди транспарентноста, особено преку публикување на националните надворешно-трговски политики;

Да соработува со Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, заради постигнување поголема усогласеност во спроведувањето на политиката на глобална економија.

Преку воведувањето правила на однесување во надворешната трговија Светската трговска организација овозможува:

Заштита на малите и слаби земји од дискриминаторните трговски политики на големите и силни земји :Одредување на цариниte како единствен легитимен инструмент на заштита на домашното стопанство и воведување на други инструменти од страна на развиените и големите земји;

- Помош на националните влади да се заштитат од влијателните интересни групи и нивното лобирање.

Светската трговска организација има две основни функции: како преговарачки форум за дискусии за нови и стари трговски правила, и како тело за решавање на трговски спорови. **Решавање на спорови** за разлика од многу други меѓународни организации, Светската трговска организација има голема моќ на спроведување на своите одлуки, преку телото за решавање на спорови кое претставува меѓународен трговски суд кој има право да спроведува санкции врз држави кои не се придржуваат на правилата на Светската трговска организација.

## 5.1.8 Ингеренциите на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија задачи и кадровска подготвеност во однос на други држави

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија ги обавува следните задачи:

- врши прием на пријави за признавање на правата од индустриска сопственост;

- спроведува управна постапка за стекнување на правата од индустриска сопственост на територијата на Република Македонија;

- спроведува меѓународна постапка за признавање на правата од индустриска сопственост согласно меѓународните договори кон кои пристапила Република Македонија;

- Води регистри на пријави и стекнати права;

- Објавува во службено гласило податоци за пријавени и признати права од индустриска сопственост

- Ги прави достапни до јавноста базите на податоци за признати права од индустриска сопственост

- Ја претставува државата во меѓународните, европските и регионалните организации за индустриска сопственост

- Го следи развојот на меѓународната и европската регулатива и спроведува иницијативи за усогласување на националната легислатива;

- Поведува иницијативи за ратификување на меѓународни договори од областа на индустриската сопственост

- Дава информации за постапките за заштита на правата од индустриска сопственост во земјата и во странство,

- Дава услуги на пребарување во базите на податоци од областа на интелектуалната сопственост,

- Ја промовира заштитата на индустриската сопственост;

- Врши обука и спроведува испит за застапници од областа на индустриската сопственост.

## 5.1.9 Државен завод за интелектуална соптвеност на Хрватска

Државниот завод за интелектуална соптвеност на Хрватска е тело на државната управа која извршува работи од областа на заштита на правата на интелектуална сопственост.

Државниот завод за интелектуална сопственост презема постапки за признавање на правата од индустриска сопственост (патенти, жигови, индустриски дизајн, ознаки ) како и стручна и законодавна работа, тука спаѓаат авторските и сродните права.

Задачите на Заводот за интелектуална сопственост на Република Хрватска се следниве:

- Поделба направата вообласта на индустриската сопственостна територија на Република Хрватска .
- Се спроведува меѓународна постапка за доделување права според меѓународните договори на коиРепублика Хрватска е членка.
- Совети како да се бранат вашите права во земјата и странство.
- Информации за постапките за доделување на права во Хрватска.
- Обезбедува пристап до националните и меѓународните бази на податоци на индустриска сопственост во земјата и во странство.
- Обезбедува услуги за пребарување информации  на полето на интелектуалната сопственост.

- Промовира заштита и почитување на правата на интелектуална сопственост.
- Организира семинари и јавни состаноци во областа на интелектуалната сопственост.
- Известува за новости дома и во странство во врска со интелектуалната сопственост.
- Упатува до други организации коиможат да помогнат во заштитата и унапредувањето на вашите права.

## 5.1.10 Стратегија „Европа 2020“

Стратегијата на Европската унија за иновации дефинира стратешки пристап кон иновациите настојува да го подигне нивото на истражувања и иновации во Европа така што ќе овозможи надежните идеи и откритија побргу да стигнат од проектантското биро до пазарот.

Европа 2020 е стратегијата зараст на Европа за декадата што доаѓа.Во овој свет на промени, ЕУ сака да прерасне во обмислена, одржлива и сеопфатна економија.Овие три приоритета што меѓусебно се зајакнуваат треба да ѝ помогнат на ЕУ и на земјите-членки да постигнат високи нивоа на вработеност, продуктивност и социјална кохезија.

Европската унија и нејзините членки ги утврдија најважните области на дејствувањесо што би се потикнал економскиот раст и создавање нови работни места, а тоа се

- Унија на иновации (подобри услови и финансии за истражување и развој)

- Млади во движење ( подобрување на условите во образованието како и полесен пристап на пазарот на трудот на младиот стручен кадар

- Дигитална агенда за Европа(побрз пристап до Интернет и информатичко-комуникацискитехнологии)

- Европа која ефикасно користи ресурси (одделување на економскиот раст од ресурсите)

- Индустриска политика за ерата на глобализацијата(подобрување на бизнис климата на мали и средни претпријатија)

- Агенда за нови вештини и работни места(модернизација на пазарот на трудот)

- Европска платформа против сиромаштија(помош на сиромашни и социјални групи).Истражувањето и иновациите се високо на агендата на Европска унија за раст и создавање работни места. Земјите-членки се поттикнуваат да вложуваат 3% од нивниот БДП во истражување и развој до 2020 година. (1% јавно финансирање, 2% вложување од приватниот сектор) – со што ќе се создадат предвидените 3,7 милиони работни места, а годишниот БДП ќе се зголеми за речиси 800 милијарди евра.Европската унија ги поттикнува иновациите во Република Македонија преку програмите ФП7[28] и ЦИП.[29]

---

[28]**ФП7** Седма рамковна програма за истражување и технолошки развоје основниот инструмент на ЕУ за финансирање истражувања во Европа

[29]**ЦИП** (Рамковна програма за конкурентност и иновации) обезбедува поддршка за мерките за јакнење на конкурентноста и капацитетот за иновирање во Европската Унија. Со неа особено се поттикнува користењето информатички технологии, технологии за зачувување на животната средина и извори на обновлива енергија.

## 5.1.11 Хоризонт 2014-2020

## „ХОРИЗОНТ 2020“

„Хоризонт 2020“ е најголемата програма на ЕУ наменета за истражување и иновации со буџет од речиси 80 милијарди евра кои се достапни и наменети за приватни инвестиции и истите можат да бидат искористени во периодот од 2014 година до 2020 година. Основната цел и задача на оваа програма е што повеќе откритија, иновации и „големи идеи“ од лабораториите ширум светот да станат достапни на пазарот со што ќе се овозможи поголема конкурентност на Европската унија на глобално ниво.

Со оглед на тоа штопрограмата„ Хоризонт 2020“ ќе придонесе за зголемен економски раст и отворање нови работни места, истата има голема поддршка од европските лидери, како и од членовите на Европскиот парламент. И едните и другите се согласни околу тоа дека оваа програма претставува инвестиција во иднината на Европа која на долги стази ќе овозможи одржлив и инклузивен раст на работни места. Имено, преку спојување на истражувањата и иновациите, ставање акцент на континуирано развивање на науката, справување со општествените предизвици и нивно решавање со помош на научните достигнувања, „Хоризонт 2020“ ги отстранува бариерите за иновации и овозможува јавниот и приватниот сектор да работат заедно на оваа проблематика.

Наредно прашање кое се наметнува само по себе е дали и во која мера „Хоризонт 2020 “им е достапна на потенцијалните корисници ( иноватори) на истата.

Имено,„ Хоризонт 2020 “ е отворена за секого, со едноставна структура која придонесува за побрзо и полесно доставување на потребната документација и скратување на времето потребно за користење на средствата кој оваа програма

ги нуди, па учесниците можат да се фокусираат на она што е навистина важно. Ваквиот пристап ќе овозможи побрзо и поефикасно постигнување на резултати во областите во кои ќе се применува програмата [30]

## 5.1.12 Лидери меѓу членките на Европската унија во иноваторство за 2014 година

Ранглистата на лидери во иновациите во Европската унија вклучува показатели на полето на иновативноста и анализи на трендовите за 27-те земји членки на ЕУ, како и за Хрватска, Исланд, поранешна Југословенска Република Македонија, Норвешка, Србија, Швајцарија и Турција. Таа исто така вклучува и споредби, базирани на потесна група показатели, помеѓу 27-те членки на ЕУ и 10 глобални конкуренти.

Ранглистата на лидери во иновациите во Европската унија за 2011 година разликува 3 главни вида показатели и 8 иновативни димензии кои опфаќаат вкупно 25 различни показатели. Листата ги категоризира земјите членки на ЕУ во следните четири групи земји (види го долуприкажаниот графикон):

- Лидери во иновации: Данска, Финска, Германија, Шведска, со достигнувања далеку над просекот на 27-те ЕУ членки.
- Просечни иноватори: Австрија, Белгија, Кипар, Естонија, Франција, Ирска, Луксембург, Холандија, Словенија и Обединетото Кралство, со достигнувања блиску до просекот на 27-те членки на ЕУ.

[30] Види повеќе на http://ec.europa.eu/programmes/horizon2020/h2020-sections)

- Умерени иноватори: Достигнувањата на Република Чешка, Грција, Унгарија, Италија, Малта, Полска, Португалија, Словачка и Шпанија се под просекот на 27-те ЕУ членки.
- Скромни иноватори: Достигнувањата на Бугарија, Летонија, Литванија и Романија се далеку под просекот на 27-те ЕУ членки.

Графиконбр.1 : Иновативни достинувања на земјите членки на ЕУ



Ова претставува второ издание на ранг листата. Базирана на претходната Европска иновациска ранг листа, оваа алатка е наменета да помогне во следење на имплементацијата на клучниот проект на Иновативната унија –„ Европа 2020" обезбедувајќи компаративна проценка на иновативните достигнувања на 27-те земји членки на ЕУ и релативните предности и слабости на нивните системи за истражување и иновации.[31]

[31]http://ec.europa.eu/enterprise/policies/innovation/files/ius/ius-2014_en.pdf

## Шести дел

## Анализа и интерпретација на резултати

# 6.Анализа и интерпретација на резултати

Секое општество има потреба од постојана и квалитетна заштита на интелектуалната сопственост, а со самото тоа и заштита на индустриска сопственост.

Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија е единствена институција која правно ја регулира индустриската сопственост во Македонија, а воедно во евроски и светски рамки.

Податоците кои се добиени укажуваат на тоа дека се работи за специфична проблематика која бара високо едуциран кадар кој пројавува посебен интерес кон одредена област, прецизно е нагласено познавање на еден светски јазик.

Во ова истражување главна цел е да се истражи какво образование е потребно за застапниците и начинот на кој се станува застапник за заштита на индустриска сопственост. За потребите на ова истражување спроведена е анкета на 30 испитаници кои се вработени во адвокатски друштва, самостојни адвокати, агенции за интелектуална сопственост, друштва за застапување и заштита на интелектуална сопственост, кои се регистрирани во Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија. Анкетниот лист се состои од два дела: Во првиот дел од анкетниот лист се пол, возраст , образование и работно искуство, а вториот дел се конкретни прашања кои произлегуваат од истражуваната проблематика.Нумеричките податоци што се добиваат со пресметување на односот меѓу појавите се нарекуват релативни броеви.Општата формула за релативен број е:

Број што се споредува

Р.б.= --------------------------------------- ---------

Број што е основа за споредување

За ова истражување користен е Индекс на структура кој го покажува односот дел- целина. Со тоа се дознава каков е некој дел од целина.[32]

Индекс на структура се пресметува по формулата:

дел

Р.б= -------------------------* 100%

Целина

Резултати од првиот дел на анкетниот лист се следни:

1. Според полот резултатите се следни

   а. Машки 16 0,53%

   б. Женски 14 0,46%

[32]Планирање на научно истражување проф.д-р Наташа Ангелоска -Галевска

Графикон бр. 2 Приказ на резултатите според пол




2. Според возраст резултатите се следни:

а. До 25 години /

б. Од 25-40 години 15 испитаници о,5%

в. Од 40-55 години 10 испитаници 0,33%

г. Над 55 години 5 испитаници 0,16%

Графикон бр. 3 Приказ на резултати според возраст



3.Според образованието резултатите се следни:

а. основно образование /

б. Средно образование /

в. Вишо образование /

г. Високо образование 27 испитаници 0,9%

д. Постдипломски студии 3 испитаници 0,1%

Графикон бр. 4 Приказ на резултати според образование



4. Според работното искуство резултатите се следни:

а. До 25 години 18 испитаници 0,6%

б. Од 25-35 7 испитаници 0,23

в.Над 35 години 5 испитаници 0,16%

Графикон бр. 5 Приказ на резултати според работното искуство



Резултатите кои се добиени на прашањето бр.1 од анкетниот лист, а се однесуваат на полот на застапници за заштита на индустриска сопственост се 16 машки 14 женски. Отука може да се смета дека според полот (машки – женски) разликата е незначителна имено за оваа конкретна проблематика приближно исто се заинтересирани машки и женски,

Резултатите кои се добиени на прашањето бр.2, а се однесува на возраста на застапниците за заштита на индустриската сопственост се 15 испитаници од 25-40 години, од 40-55 10 испитаници и над 55 години 5 испитаници. Отука може да се смета дека заинтересирани за конкретната проблематика се човечки ресурси кои се на возраст од 25-40 години. Значаен е податокот дека 10 испитаници се на возраст од 40-55 години.

Резултатите добиени на прашањето бр.3 кои се однесуваат на образованието добиени се следните резултати 27 испитаници се со високо образование, 3 испитаници се со посдипломски студии. Се смета дека застапниците за заштита на индустриска сопственост мора да бидат кадри со високо образование

Одговорите добиени на прашање бр.4, кои се однесуваат на работно искуство на застапници за заштита на индустриска сопственост се следни до 25 години работно искуство 18 испитаници од 25-35 години работно искуство 7 испитаници, над 35 години 5 испитаници. Се смета дека според работното искуство најголем дел од испитаниците се до 25 годишно работно искуство.

| Р.Б | Прашања | Воопшто не се согласувам<br>0 | Делумно се согласувам<br>1 | Неможам да се одлучам<br>2 | Делумно не се согласувам<br>3 | Потполно се согласувам<br>4 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Предавањата за заштита на индустриската сопственост се потребни на заинтересираните кандидати | | 2<br>0,06% | | | 28<br>0,93% | 30<br>100% |
| 2 | Со предавањата за заштита на индустриската сопственост се стекнуваат со потребни информации од областа на заштита на индустриска сопственост | 3<br>0,1% | | | 3<br>0,1% | 24<br>0,8% | 30<br>100% |
| 3 | Птредавањата за заштита на индустриска сопственост придонесуваат поефикасно совладување на материјалот | | 7<br>0,23% | | 3<br>0,1% | 20<br>0,66% | 30<br>100% |
| 4 | Предавањата за заштита на индустриската сопственост се во интерес на заинтересираните кандидати | | 6<br>0,2% | | 2<br>0,06% | 22<br>0,73% | 30<br>100% |
| 5 | Предавањата за заштита на индустриската сопственост се спроведуваат во Државниот завод за индустриска сопственост | | 2<br>0,06% | 2<br>0,06% | 1<br>0,03% | 24<br>0,8% | 30<br>100% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Предавањата за заштита на индустриската сопственост ги изведуваат предавачи вработени во Државниот завод за индустриска сопственост на Македонија | | 6<br>0,2% | 4<br>0,13% | 4<br>0,13% | 16<br>0,53% | 30<br>100% |
| 7 | Запознавањето со Поим за индустриска сопственост е потребно за сите заинтересирани кандидати | | 6<br>0,2% | | 2<br>0,06% | 22<br>0,73% | 30<br>100% |
| 8 | Запознавањето со Теории за индустриска сопственост е потребно за сите заинтересирани кандидати | | 6<br>0,2% | 2<br>0,06% | 2<br>0,06% | 20<br>0,66% | 30<br>100% |
| 9 | Запознавање со Предмет на заштита на пронајдок со патент е потребно за сите заинтересирани кандидати | | 6<br>0,2% | | 2<br>0.06% | 22<br>0,73% | 30<br>100% |
| 10 | Запознавањето со Предмет на заштита на индустриски дизајн е потребно за сите заинтересирани кандидати | | 6<br>0,2% | | 1<br>0,03% | 23<br>0,73% | 30<br>100% |
| 11 | Запознавањето со Предмет на заштита на трговска марка е потребно за сите | | 5 | | 3 | 22 | 30 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | заинтересирани кандидати | | 0,16% | | 0,1% | 0,73% | 100% |
| 12 | Запознавањето со Предмет на заштита на ознака на потекло и географска ознака е потребно за сите заинтересирани кандидати | | 5<br>0,16% | | 3<br>0,1% | 22<br>0,73% | 30<br>100% |
| 13 | Запознавање со Мерки за обезбедување, Привремени мерки, Мерки за обезбедување докази,Прибавување докази во текот на парничната постапка, Царински мерки, Ѓраѓанската казна е задолжително предавање за сите заинтересирани кандидати | | 6<br>0,2% | | 2<br>0,06% | 22<br>0,73% | 30<br>100% |
| 14 | Предавањата за Топографија на интегрални кола е задолжително за сите заинтересирани кандидати | | 7<br>0,23% | | 2<br>0,06% | 21<br>0,7% | 30<br>100% |
| 15 | Запознавањето со Управна постапка и управен спор е задолжително за сите пријавени кандидати | | | | 3<br>0,1% | 27<br>0,9% | 30<br>100% |
| 16 | Предавањата за Облигациони односи се задолжителни за сите кандидати | | | | 3<br>0,1% | 27<br>0,9% | 30<br>100% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Предавањата за Кривичниот законик се задолжителни за сите кандидати | | | | 3<br>0,1% | 27<br>0,9% | 30<br>100% |
| 18 | Дали квалитетот на обуката за застапници за заштита на индустриската сопственост е на потребното ниво | | 11<br>0,36% | | 3<br>0,1% | 16<br>0,53% | 30<br>100% |
| 19 | Дали предавачите, за застапници за индустриска сопственост, би ги отцениле позитивно | | 7<br>0,23% | 6<br>0,2% | 4<br>0,13% | 13<br>0,43% | 30<br>100% |
| 20 | Дали материјалот понуден за застапници за индустриска сопственост би го отцениле позитивно | 1<br>0,03% | 9<br>0,3% | 5<br>0,16% | 3<br>0,1% | 12<br>0,4% | 30<br>100% |
| 21 | Дали комисијата пред која се спроведуваше полагањето за застапници за заштита на индустриска сопственост би ја отцениле позитивно | | 7<br>0,23% | 5<br>0,16% | 3<br>0,1% | 15<br>0,5% | 30<br>100% |

Добиентите резултати од вториот дел на анкетниот лист се обработени и поместени во следната табела бр. 1 (Резултати од извршена анкета на 30 испитаници)

**Во табела бр.1** се поместени резултатите кои се добиени и обработени од вториот дел на анкетниот лист, а се однесуваат на 30 испитаници.

**На прашањето бр.1**Предавањата за заштита на индустриската сопственост се потребни на заинтересираните кандидати ? Добиени се следните резултати: 2 (0.06%)испитаници одговориле под бр.1 делумно се согласува, а 28 испитаници (0.93%) одговориле под број 4 потполно се согласувам.

**На прашањето бр.2** Со предавањата за заштита на индустриската сопственост се стекнуваат со потребни информации од областа на заштита на индустриска сопственост? Резултатите кои се добиени се следни:3 (0.1%)одговориле воопшто не се согласувам, 3 (0,1% ) делумно се согласувам 24 (0,8%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.3** Предавањата за заштита на индустриска сопственост придонесуваат поефикасно совладување на материјалот? Добиените резултати го дадоа следниот резултат: 7(0,23%) одговориле делумно се согласувам,3(0,1% )делумно не се согласувам и 20 (0,66% )потполно се согласувам.

**На прашањетото бр.4** Предавањата за заштита на индустриската сопственост се во интерес на заинтересираните кандидати? Резултаите се следни:6 ( 0,2%) одговориле делумно се согласувам, 2 (0,06 % )делумно не се согласувам и 22 (0,73%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.5**Предавањата за заштита на индустриската сопственост се спроведуваат во Државниот завод за индустриска сопственост? 2 (0,06%) одговориле делумно се согласувам, 2( 0,06%) одговориле не можам да се одлучам,1 (0,03%) делумно не се согласувам и 24 (0,8%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.6**Предавањата за заштита на индустриската сопственост ги изведуваат предавачи вработени во Државниот завод за индустриска сопственост на Македонија? Добиените резултати се следни: 6 (0,2%) делумммно се согласувам, 4( 0,13%) не можам да се одлучам, 4 (0,13%) делумно не се согласувам и 16 (0,53% )потполно се согласувам.

**На прашањето бр.7**Запознавањето со Поим за индустриска сопственост е потребно за сите заинтересирани кандидати? Добиените резултати се следни: 6(0,2%) делумно се согласувам,2(0,06%) делумно не се согласувам, 22(0,73%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.8**Запознавањето со Теории за индустриска сопственост е потребно за сите заинтересирани кандидати? Добиените резултати се следни: 6(0,2%) делумно се согласувам,2 (0,06%) не можам да се одлучам, 2(0,06%)делумно не се согласувам и 20(0,66%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.9**Запознавање со Предмет на заштита на пронајдок со патент е потребно за сите заинтересирани кандидати? Добиените резултати се следни: 6(0,2%) делумно се согласувам, 2 (0,06%) делумно не се согласувам и 22 (0,73% ) потполно се согласувам.

**Напрашањето бр.10**Запознавањето со Предмет на заштита на индустриски дизајн е потребно за сите заинтересирани кандидати? Добиените резултати се следни: 6(0,2%) делумно се согласувам,1(0,03%) делумно не се согласувам и 23(0,73%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.11**Запознавањето со Предмет на заштита на трговска марка е потребно за сите заинтересирани кандидати? Одговорите се следни:5(0,16%) делумно се согласувам,3(0,1%) делумно не се согласувам и 22(0,73) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.12**Запознавањето со Предмет на заштита на ознака на потекло и географска ознака е потребно за сите заинтересирани кандидати? Резултатите се следни:5(0,16%)делумно се согласувам, 3(0,1%) делумно не се согласувам и 22(0,73%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.13**Запознавање со Мерки за обезбедување, Привремени мерки, Мерки за обезбедување докази,Прибавување докази во текот на парничната постапка, Царински мерки, Граѓанската казна е задолжително предавање за сите заинтересирани кандидати? Добиените резултати се следни:6(0,2%) делумно се согласувам,2(0,06%) делумно не се согласувам и 22(0,73%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.14**Предавањата за Топографија на интегрални кола е задолжително за сите заинтересирани кандидати? Резултатите од анкетниот лист се следни: 7(0,23%) делумно се согласувам, 2(0,06%) делумно не се согласувам и 21(0,7%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.15**Запознавањето со Управна постапка и управен спор е задолжително за сите пријавени кандидати? Резултатите се следни: 3(0,1%) делумно не се согласувам, 27(0,9%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.16**Предавањата за Облигациони односи се задолжителни за сите кандидати? Добиени се следните резултати:3(0,1%) делумно не се согласувам и 27(0,9%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.17**Предавањата за Кривичниот законик се задолжителни за сите кандидати? Добиени се следните резултати: 3(0,1%) делумно не се согласувам и 27(0,9%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.18**Дали квалитетот на обуката за застапници за заштита на индустриската сопственост е на потребното ниво? Одговорите се следни: 11(0,36%) делумно се согласувам, 3 (0,1%)делумно не се согласувам и 16(0,53%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.19**Дали предавачите, за застапници за индустриска сопственост, би ги отцениле позитивно? Добиените резултати се : 7(0,23%) делумно се согласувам, 6(0,2%) не можам да се одлучам, 4 (0,13%) делумно не се согласувам и 13(0,43%)потполно се согласувам.

**На прашањето бр.20**Дали материјалот понуден за застапници за индустриска сопственост би го оцениле позитивно? Добиени се следните резултати:1(0,03%) воопшто не се согласувам, 9(0,3%) делумно се согласувам,5(0,16%)не можам да се одлучам,3(0,1%) делумно не се согласувам и 12(0,4%) потполно се согласувам.

**На прашањето бр.21**Дали комисијата пред која се спроведуваше полагањето за застапници за заштита на индустриска сопственост би ја отцениле позитивно? Добиени се следните резултати:790,23%) делумно се согласувам,5(0,16%) не можам да се одлучам, 3(0,1%) делумно не се согласувам и 15(0,5%) потполно се согласувам.

Од горенаведените податоци, кои се добиени со обработка на податоци од спроведениот анкетен лист, на кои поголем број од испитаниците се изјасниле позитивно, може да се потврди претпоставката дека Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија со успех ја спроведува обуката на заинтересираните кандидати за застапници за индустриска сопственост.

Во однос на високообразовен кадар може да се потврди претпоставката дека за да се стекне со звање застапник потенцијалниот кандидат мора да има завршено високо образование од струките инженер, фармацевт или адвокат.

Од податоците кои се добиени се потврдува претпоставката дека застапниците за заштита на индустриска сопственост мора да го познаваат домашното, странското и меѓународното право .

Од добиените резултати може да се изведе констатацијата дека во поглед на постапката за признавање на иноваторство не постои разлика кај нас во Хрватска и земјите на Европска унија.Според видот на образование кое е потрербно за да се добие дозвола за полагање за застапници во Република Македонија, Хрватска и Европската унија нагласено е дека кандидатот мора да има завршено некој од техничките факултети,правен и фармацевтски.

Кога станува збор за улогата на застапникот во сферата на заштита на индустриската сопственост и задачите кои ги извршува може да се каже дека не постои разлика во Република Македонија, Хрватска и Европската унија.

Комисијата пред која се полага за застапници за заштита на индустриска сопственост во Република Македонија и Хрватска може да се каже дека постои разлика во следното: Во Хрватска комисијата се состои од еден претседател,два члена и еден секретар додека во Република Македонија испитната комисија се состои од : претседател,четири члена, нивни заменици и секретар.

Во поглед на звањето со кое се стекнуваат кадрите кои се обучуваат за работа во оваа област постои разлика помеѓу Република Македонија и Хрватска во следното:во Република Македонија кандидатите добиваат звање „Застапник за заштита на индустриска сопственост" во Хрватска се стекнуваат со звање:

- Застапник за индустриска сопственост
- Застапник за патенти
- Застапник жигови

Во Европската унија заинтересираните кандидати добиваат звање„Европски патентен адвокат"

Со постапката за заштита на интелектуалната сопственост се штити индустриската сопственост, авторските и сродни права.

Ингеренциите на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија и Хрватска се идентични ,не постои разлика во смисла на задачи, улога и кадровски потенцијал.

Според главната хипотеза која беше зададена специфичноста на заштитата на правата од индустриска сопственост наметнува потреба од посебно познавање од оваа област што бара висок степен на едуцираност на застапникот и познавање на домашното, странското и меѓународното право, односно постојат разлики во едукациите за кадрите кои работат во оваа сфера Од добиените резултати може да се каже дека главната хипотеза се потврдува бидејќи секаде се бара високо едуциран кадар кој добро го познава домашното ,странското и меѓунареодно право, со единствена разлика во звањето кое се

добива. Во Р.Македонија и Хрватска тоа звање е ЗАСТАПНИК а во земјите членки наЕУ се нарекуваат Евроски патент адвокат.

Според посебните хипотези::

1. Не постојат разлики во постапките за признавање на правата од индустриска сопственост.
2. Меѓународната постапка за признавање на права од индустиска сопственост се применува и во Република Македонија.
3.Не постои разлика во водењето на пријави и стекнати права меѓу надлежните органи (заводи)
4.Обуката за застапници од обласа на индустриската сопственост е базирана на принципи кои се утврдени со меѓународен договор .

Во поново време благодарение на информатичко комуникациска технологија овозможува поднесување на пријава за патент на едно место а, со истовремено правно дејство во повеќе земји.

# Седми дел

## Заклучок

# Заклучок

Интелектуалната сопственост е од клучно значење за одржување на раст, конкурентност, проширување на пазарот на глобално ниво, а воедно за отворање нови работни места. Се смета дека највредниот потенцијал кој го поседува една организација се луѓето, односно човечките ресурси. Развојот и унапредувањето на човечките ресурси кои се директно поврзани со индустриската сопственост најмногу зависи од финансиската поддршка за истражување и развој, подобри услови на пазарот како и инвестирање во луѓе и бизнис.

Денешната светска економија која е базирана на знаења,патентни стратегии и иноваторство би требало да стане клучен фактор во деловната стратегија. Управувањето со ресурсите назнаење, особено новите идеи и концепти, е суштинско за способноста на секоја компанија да менува, приспособува и прима нови можности додека се натпреварува во брзата промена на деловното опкружување.

## *Препораки*

Препораки до релевантните институции за поголеми финансиски стимулации на иноваторите, како и јавно признание со што би се зголемила мотивацијата и интересот кон иноваторството, а со тоа би се подигнало иноваторството на едно повисоко ниво.

Мотивирањето претставува комплексен систем на мерки, активности и дејствија кои се преземаат за што поуспешно извршување на задачите.

Државниот завод зазаштита на индустриска сопственост на Република Македонија треба да се залага за ефикасна заштита на правата од индустриска сопственост, подигнување на нивото на заштита во согласност со меѓународните

стандарди. Изградба на правен систем за заштита на индустриска сопственост во согласност со меѓународните стандарди.

Државниот завод за заштита на индустриска сопственост потребно е континирано да ја надградува правната регулатива, при тоа водејќи сметка за кадровскиот потенцијал кој ќе биде во можност да одговори на меѓународните стандарди.

## Користена литература


Ангелоска, Галева, Наташа. *Планирање на научно истражување.*Скопје: Филозофски факултет, 2011.

Бојаџиев, Димитар. *Менаџмент на човечките ресурси.*Скопје: Економски факултет,2009.

Дабовиќ-Анастасовска,Јадранка. *Право на интелектуална сопственост.*Скопје: Правен факултет, 2008.

Кралев, Тодор. *Основи на менаџментот.* Скопје: Центар за интернационален менаџмент,1996.

Панзова, Виолета. *Прирачник за изработка на студентски трудови.* Скопје: Филозофски факултет,2007.

Пејковски, Јован. *Претприемништво и развој.*Скопје: Филозофски факултет,1997.

Поповска, Златка. *Политика на технолошкиот развој.* Скопје: Економски факултет,2000.

Фити, Таки. *Претриемништво.* Скопје: Економски факултет,2007.

David, Bipch.*Job Creation in America- How our Smallest Companies Put themost people to work.*New York. 1987.

Peter F. Drucker.*Иновације и предузетништво.* Београд.

Peter Drucker. *Inovation and Enprepreneurship.* 1985.

Drucker, Peter. Inovacija i preduzetnistvo- praksa i principi. Beograd: Privredni pregled 1991.

Tom Cannon Enterprise Creation, *Development and growt Buterwort*,Heinemann Ohford 1991.

Закон за индустриска сопственост Службен весник на Република Македонија број 47 30 јуни 2002.

Закон за индустриска сопственост (47/02, 42/03, 09/04, 39/06, 79/07).

Извештај за работата на Државниот завод за индустиска сопственост за 2013 година.

Податоци од Државниот завод за индустриска сопственост –Скопје.

Прирачник, Заштита на правата од индустриска сопственост. Скопје: Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија.

Службен весник на Република Македонија број 92/09.

Стратегија за иновации во Република Македонија 2012-2020.

Улогата на застапниците во системот на заштита на правата од индустриска сопственост. Брошура: Заштита на правата од индустриска сопственост.

Тајните на интелектуална сопственост. Водич за мали и средни извозници-Македонија. Државен завод за индустриска сопственост, 2011.

Zakon o industrijskom vlasništvu (Службен лист 34/81, 3/90 и 20/90).

Народне новине бр. 53/91, 91/92 и 26/93.

## Интернет страници

Državni zavod za intelektualno vlasništvo . Web. 10.04.2014. <http://www.dziv.hr/en/>

Секретаријат за европски прашања.2014. Web. 18.04.2014
<http://www.sep.gov.mk/default.aspx?ContentID=44>

<http://www.sep.gov.mk/default.aspx?ContentID=48>

European commission. Web. 01.01.2014 <http://ec.europa.eu/cip/>

<http://ec.europa.eu/research/fp7/index_en.cfm >

<http://ec.europa.eu/cip/ >

<http://ec.europa.eu/research/fp7/index_en.cfm >

Капитал Web. 13.01.2014 <http://kapital.mk/mk/prilozi>

Државен завод за индустриска сопственост. 02.09.2013. Web. 15.03.2014 <http://www.ippo.gov.mk/MK/Zanas.aspx?ln=MK&sid=58>

Wikipedia.07.03.2013.Web. 20.03.2013. <http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%BD%D0%B4%D1%83%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0>

Cordis org. 2010. Web. 18.05.2014. <http://cordis.europa.eu/fp7/home_en.html>

Центар за иновации. 2011.Web. 12.04.2014. <http://www.i2b.org.mk/>

World intellectual property organization. Web. 20.04.2014 <http://www.wipo.int/members/en/>

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија. Web. 20.04.2014. <http://www.apprm.gov.mk>